Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Република Северна Македонија
Државен завод за статистика
Republic of North Macedonia
State Statistical Office

EIGE European Institute for Gender Equality

UN WOMEN

# ИНДЕКС НА РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 2022

# ИНДЕКС НА РОДОВА ЕДНАКВОСТ

## ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2022

*Авторка:* Марија Башевска
*Лектура:* Бестел Дооел Скопје
*Дизајн:* Нита Хаџихамза Гаши

Националниот Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија е развиен од Министерството за труд и социјална политика и Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија во соработка со Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE), во рамки на соработката на Институтот (EIGE) со Западен Балкан и Турција преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија, финансиран од Европската Комисија. Извештајот е базиран на методологијата и рамката на Индексот за родова еднаквост за 2017 година, развиен од Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE, http://eige.europa.eu) за Европската Унија и нејзините земји членки. Користените податоци за пресметка на Индексот на родова еднаквост на Северна Македонија се однесуваат на 2019 година.

Публикацијата не мора да ги одразува мислењата или ставовите на Европскиот институт за родова еднаквост и ниту едно лице не презема одговорност за употребата на информациите што се содржат во оваа публикација. Ниту Европскиот институт за родова еднаквост ниту кое било лице кое постапува во негово име не може да се смета за одговорно за употребата на информациите што се содржат во оваа публикација. Содржината е единствена одговорност на авторите и нужно не ги претставуваат ставовите на Европската Унија.

---

Развивањето и публикацијата на овој извештај беа поддржани во рамките на проектот „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратешкото планирање и програмирање на владините институции во Северна Македонија" спроведен од Министерството за труд и социјална политика, со поддршка од проектот на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", финансиран од Швајцарија и Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации, или на Швајцарија и Шведска како донатори. Наведените граници и имиња како и ознаките користени на мапите од овој извештај не претполагаат официјална потврда или прифаќање од страна на Обединетите нации.

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Република Северна Македонија
Државен завод за статистика
Republic of North Macedonia
State Statistical Office

EIGE
European Institute for Gender Equality

UN WOMEN

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Sweden
Sverige

Funded by the European Union

# Содржина


## Листа на кратенки IV

## Предговор 1

## 1. Вовед 2

Индекс на родова еднаквост 3

*Дијаграм 1:* Домени на индексот на родова еднаквост 3

## 2. Индекс на родова еднаквост 2022 4

2.1. Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2022 (на последни достапни податоци од 2019 година) 4

*Графикон 1:* Индекс на родова еднаквост, Северна Македонија, 2015-2019 4

*Табела 1:* Индекс на родова еднаквост, сумарен и домени, 2015-2019 4

2.2. Промени споредено со ЕУ (2019) 5

*Графикон 2:* Индекс на родова еднаквост, Северна Македонија и просек на ЕУ, 2019 5

*Графикон 3:* Индекс на родова еднаквост по домени, Северна Македонија и ЕУ, 2019 5

*Графикон 4:* Индекс на родова еднаквост, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2021), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017) 6

*Графикон 5:* Прогрес на индексот на родова еднаквост Северна Македонија (2015- 2019), земји членки на ЕУ (2015-2019) и Србија (2014-2018) 6

2.3. Промени на ниво на легислатива и политики 7

## 3. Домен Работа 9

3.1. Статус и промени 9

*Графикон 6:* Индекс на родова еднаквост во доменот Работа и поддомените, Северна Македонија 2015- 2019 9

*Табела 2:* Еквивалент на полно работно време, стапка на вработеност (%, 15+ население) 10

*Табела 3:* Времетраење на работниот век (години) 10

*Табела 4:* Секторска сегрегација - вработени во образование, здравство и социјална работа (%, 15+ население) 10

*Табела 5:* Флексибилност во работата (%, 15+ население) 10

3.2. Промени споредено со ЕУ (2019) 11

*Графикон 7:* Индекс на родова еднаквост во доменот Работа и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019 11

*Графикон 8:* Индекс на родова еднаквост во домен Работа, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017) 11

## 4. Домен Пари 14

4.1. Статус и промени 14

*Графикон 9:* Индекс на родова еднаквост во доменот Пари и поддомените, Северна Македонија 2015-2019 14

*Табела 6:* Просечна месечна заработувачка (стандард на куповната моќ) 15

*Табела 7:* Просечен еквивалентен нето-приход (стандард на куповната моќ) 15

*Табела 8:* Неизложеност на ризик од сиромаштија (%, население 16+) 15

*Табела 9:* Распределба на доход (S20/S80) 15

4.2. Промени споредено со ЕУ (2019) 15

*Графикон 10:* Индекс на родова еднаквост во доменот Пари и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019 15

*Графикон 11:* Индекс на родова еднаквост во домен Пари, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017) 16

## 5. Домен Знаење 17

5.1. Статус и промени 17

*Графикон 12:* Индекс на родова еднаквост во доменот Знаење и поддомените, Северна Македонија 2015 - 2019 17

*Табела 10:* Лица со завршено високо (терцијарно) образование (%, население 15+) 18

*Табела 11:* Лица што учествуваат во формално или неформално образование и обука (%, население 15+) 18

*Табела 12:* Студенти во високото (терцијарно) образование во областа на образование, здравство и социјална работа, хуманистички науки и уметности (%, популација 15+) 18

5.2. Промени споредено со ЕУ (2019) 19

*Графикон 13:* Индекс на родова еднаквост во доменот Знаење и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019 19

*Графикон 14:* Индекс на родова еднаквост во домен Знаење, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017) 20

## 6. Домен Време 21

6.1.Статус и промени 21

*Графикон 15:* Индекс на родова еднаквост во доменот Време и поддомените, Северна Македонија 2015, нема промени заради недостаток од нови податоци 21

*Табела 13:* Индикатори во поддомен Активности за Грижа 22

*Табела 14:* Индикатори во поддомен Општествени активности 22

6.2. Промени споредено со ЕУ (2015) 23

*Графикон 16:* Индекс на родова еднаквост во доменот Време и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2015 23

*Графикон 17:* Индекс на родова еднаквост во домен Време, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017) 23

**7.Домен Моќ** **25**

7.1. Статус и промени 26

*Графикон 18:* Индекс на родова еднаквост во доменот Моќ и поддомените, Северна Македонија 2015-2019 26

*Табела 15:* Индикатори во поддомен Политичка моќ 26

*Табела 16:* Индикатори во поддомен Економска моќ 27

*Табела 17:* Индикатори во поддомен Општествена моќ 27

7.2. Промени споредено со ЕУ (2019) 27

*Графикон 19:* Индекс на родова еднаквост во доменот Моќ и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019 27

*Графикон 20:* Индекс на родова еднаквост во домен Моќ, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017) 28

**8.Домен Здравје** **29**

8.1 Статус и промени 29

Графикон 21: Индекс на родова еднаквост во доменот Здравје и поддомените, Северна Македонија 2015-2019 29

*Табела 18:* Индикатори во поддомен Статус 30

*Табела 19:* Индикатори во поддомен Навики 30

*Табела 20:* Индикатори во поддомен Пристап 30

8.2. Промени споредено со ЕУ (2019) 31

*Графикон 22:* Индекс на родова еднаквост во доменот Здравје и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019 31

*Графикон 23:* Индекс на родова еднаквост во домен Здравје, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017) 31

**9.Домен Насилство** **32**

9.1. Статус 32

Табела 21: Распространетост на насилството врз жените во Северна Македонија, 2019 година (%) 33

**10.Сумарни заклучоци** **35**

**Анекс 1** **37**

**Референции** **50**

# Листа на кратенки

## Кодови на земји

| | |
|---|---|
| **AT** | Австрија |
| **BE** | Белгија |
| **BG** | Бугарија |
| **CY** | Кипар |
| **CZ** | Република Чешка |
| **DE** | Германија |
| **DK** | Данска |
| **EE** | Естонија |
| **EL** | Грција |
| **ES** | Шпанија |
| **FI** | Финска |
| **FR** | Франција |
| **HR** | Хрватска |
| **HU** | Унгарија |
| **IE** | Ирска |
| **AL** | Албанија |
| **IT** | Италија |
| **LT** | Литванија |
| **LU** | Луксембург |
| **LV** | Латвија |
| **MK** | Северна Македонија |
| **MT** | Малта |
| **NL** | Холандија |
| **PL** | Полска |
| **PT** | Португалија |
| **RO** | Романија |
| **SE** | Шведска |
| **SI** | Словенија |
| **SK** | Словачка |
| **EU-27** | Просек на земји членки на ЕУ |
| **RS** | Србија |
| **ME** | Црна Гора |

| | |
|---|---|
| **ЦЕДАВ (CEDAW)** | Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ЕВРОСТАТ** | Статистичка институција на ЕУ |
| **ЕИГЕ (EIGE)** | European Union |
| **ЕУ** | Европски институт за родова еднаквост |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| **ОЕЦД** | Организација за економска соработка и развој |
| **ФРА** | Агенција за фундаментални права на Европската Унија |
| **EQLS** | Европско истражување за квалитетот на живеење |
| **EWCS** | Европско истражување за условите на работење |
| **WMID** | Жени и мажи на одлучувачки позиции |
| **П.п.** | процентен поен |

# Предговор

Почитувани,

Родовата еднаквост е клучен приоритет и заложба на Република Северна Македонија. Воспоставувањето ефикасен правен и институционален систем за унапредување на родовата еднаквост претставува неизоставен дел од процесот на интеграција во Европската Унија и една од нејзините основни вредности. Во таа насока се направени значајни чекори за да се подобри координацијата помеѓу институциите, да се зајакнат капацитетите на институциите и да се воспостават механизми за континуирано следење на прогресот кон остварување на целите за родова еднаквост.

Со цел политиките и мерките за унапредување на родовата еднаквост да бидат ефективни неопходно е континуирано следење на нивното влијание врз различни групи граѓани.

Индексот за родова еднаквост е алатка за мерење на напредокот на родовата еднаквост во земјите на ЕУ и земјите кандидати за членство во ЕУ. Оваа алатка е развиена од Европскиот институт за родова еднаквост со седиште во Вилнус, Литванија.

Индексот за родова еднаквост им дава поголема видливост на областите каде што е неопходно подобрување, со цел креирање подобри и поефикасни мерки за унапредување на родовата еднаквост.

Само така можеме да ја промовираме родовата еднаквост, а токму податоците содржани во вториот извештај за Индексот за родова еднаквост 2022 година во Република Северна Македонија ќе ни овозможат да го следиме процесот на имплементирање на политиките и мерките за постигнување родова еднаквост.

Владата на Република Северна Македонија продолжува посветено да работи на унапредувањето на родовата еднаквост. Законските измени, отворањето на првиот Ресурсен центар за родово одговорно буџетирање, креирањето политики за унапредување на позицијата на жената во општеството во соработка и со поддршка на меѓународните организации, како што се UN Women, Европската Унија, Европскиот институт за родова еднаквост, продолжува и понатаму со цел подобро општество за сите.



**Јованка Тренчевска**

Министерка за труд и социјална политика
Влада на Република Северна Македонија

# 1. Вовед

Република Северна Македонија го објавува вториот извештај за мерењето на Индексот на родова еднаквост (во понатамошниот текст Индексот) врз основа на методологијата на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ) (EIGE, 2017а). Вредностите на Индексот се пресметани врз основа на последните достапни податоци од 2019 година.[1] Индикаторите користени за пресметките на Индексот на родова еднаквост се усогласени со индикаторите на ЕУ, односно 28 индикатори од вкупно од 31 се индикатори користени од истите бази на податоци користени и од ЕУ (Евростат, Еурофонд, база на податоци за родова статистика ЕИГЕ), додека три индикатори во доменот Здравје се прокси индикатори. Анекс 1 содржи детален преглед на изворите на податоци користени за индикаторите на Индексот. Извештајот прави компаративен преглед на напредокот постигнат споредено со претходното (првото) мерење на Индексот за земјата во 2019 година, чии тогашни пресметки се засноваа врз податоците од 2015 година. Исто така, се дава компаративен преглед со резултатите на Индексот на родова еднаквост на ЕУ публикуван во 2021 година (чии пресметки се засновани врз податоци од 2019 година)[2], како и со резултатите на земјите кандидатки за членство во ЕУ од регионот што ги имаат публикувани нивните Индекси на родова еднаквост засновани врз методологијата на ЕИГЕ (Албанија, Србија, и Црна Гора). Детална анализа за напредокот во секој од одделните домени на Индексот се содржани во посебни поглавја во извештајот посветени на домените и поддомените што го сочинуваат Индексот. Важно е да се нагласи дека податоците користени за пресметка на Индексот секогаш не реферираат на иста година бидејќи се користат последни достапни податоци за индикаторите што се дел од различни анкети со различни распореди на собирање и публикување на податоците. Деталниот преглед и објаснување на секој од поединечните индикатори користени за пресметките на домените на Индексот се наоѓаат во Анекс 1.

Индексот на родова еднаквост е композитен индикатор што служи како инструмент за мониторирање на родовите (не)еднаквости во рамките на Европската Унија (ЕУ). Од 2016 година неколку земји од регионот, кандидатки за членство во ЕУ, ја усвојуваат методологијата на ЕИГЕ за пресметка на Индексот на родова еднаквост и ги публикуваат своите Индекси, на тој начин овозможувајќи компаративен преглед на напредокот кон родова еднаквост со земјите членки на ЕУ. Досега Србија има издадено три извештаи (првиот во 2016 година), за нашата земја ова е втор извештај и Албанија (2019) и Црна Гора (2020) имаат издадено по еден извештај со најава за подготовки за новите мерења. Со достапноста на мерењата на Индексот на родова еднаквост и кај соседните земји од Западен Балкан се овозможува континуирано компаративно следење на напредокот на земјите во регионот и во споредба со земјите членки на ЕУ.

Овој извештај е развиен од Министерството за труд и социјална политика и Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија, со поддршка на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ) и со поддршка од Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women).

[1] Првиот Индекс на родова еднаквост беше издаден во 2019 година, а пресметките се засноваа на податоците од 2015 година.

[2] Индексот на родова еднаквост на ЕУ за 2021 година, чии пресметки се засновани врз податоци од 2019 година, е последниот достапен Индекс на ЕУ во моментот кога се спроведуваа пресметките на вториот Индекс на родова еднаквост на Северна Македонија (2022).

# Индекс на родова еднаквост

Индексот на родова еднаквост е композитен индикатор што овозможува мерење на комплексниот концепт на родова еднаквост и компаративно следење на напредокот (EIGE, 2017a). Овој Индекс е формиран со комбинирање на родовите индикатори во единствено композитно мерило. Се состои од шест суштествени домени (работа, пари, знаење, време, моќ и здравје) и два придружни домени (интерсекциски нееднаквости и насилство) (дијаграм 1). Секој од домените е составен од поддомени преку кои се пресметуваат сумарните резултати на домените. Индексот за родова еднаквост мери колку далеку (или блиску) се државите членки од постигнувањето целосна родова еднаквост. Обезбедува резултати и на ниво на државите членки и на ниво на просекот на ЕУ. Индексот за родова еднаквост пресметува резултати за секој домен и поддомен. Ги мери и родовите разлики приспособени на степените на успешност, при што родовите разлики не се сметаат за позитивни кога укажуваат на негативна ситуација или за жените или за мажите. Индексот ги мери истовремено и нивото на напредок и родовиот јаз во различни домени. Резултатите на Индексот за родова еднаквост се мерат преку поени остварени на скала од 1 до 100, каде што 1 означува целосна нееднаквост, а 100 претставува целосно постигнување на родова еднаквост во земјата. Вредностите на Индексот блиску до 1 означуваат ниско ниво на остварувања во доменот (на пример, ниски стапки на завршено високо образование) и висок родов јаз (изразени разлики во постигнувањата меѓу жените и мажите), додека вредностите на Индексот блиску до 100 означуваат истовремено и високи постигнувања во доменот (на пример, високи стапки на завршено високо образование) и мали или непостојни родови јазови меѓу жените и мажите.

**Дијаграм 1: Домени на Индексот на родова еднаквост**



# 2. Индекс на родова еднаквост 2022

## 2.1. Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија 2022 (на последните достапни податоци од 2019 година)

Индексот на родова еднаквост во Северна Македонија во 2022 година изнесува 64,5 поени од максималните 100 и има прогрес од 2,5 поени споредено со последното мерење во 2019 година. Доколку прогресот се одвива со ова темпо (2,5 поени прогрес на четири години[3]) на земјата ќе ѝ бидат потребни приближно 57 години за да постигне родова еднаквост во сите домени. За споредба, на ниво на просекот на ЕУ, темпото на досегашен прогрес е еден поен на две години и се смета за бавно и недоволно темпо на прогрес за постигнување родова еднаквост на ниво на ЕУ (EIGE, 2021). Секако, општествените промени и развојот не се линеарни процеси и може да бидат забрзани со соодветни политики во поволен општествено-економски контекст на внатрешно и надворешно ниво, но може да бидат и забавени како резултат на регресивни политики во поглед на еднаквоста, но и неповолен контекст во земјата и на глобално ниво. Токму затоа континуитетот во мерењето на прогресот на Индексот и неговите составни домени е од исклучителна важност за да може да се следат промените, влијанието на политиките и детектирањето на областите каде што има потреба од унапредување на политиките и мерките за родова еднаквост и нивната имплементација во практиката.

Доколку се следат резултатите од Индексите во секој од домените се забележува прогрес кај домените Работа, Пари, Знаење и Моќ. Застој има кај доменот Време (заради недостиг на нови податоци) и доменот Здравје каде што има незначителна промена (+ 0,1 поен). Споредено со последното мерење, земјата не бележи назадување во ниеден од домените што го сочинуваат Индексот (табела 1).

**Графикон 1: Индекс на родова еднаквост, Северна Македонија, 2015-2019**




**Табела 1: Индекс на родова еднаквост, сумарен и домени, 2015-2019**

| | 2015 | 2019 | Прогрес (2015 – 2019) |
|---|---|---|---|
| **Индекс на родова еднаквост** | 62 | 64.5 | 2.5 |
| **Работа** | 69.4 | 70.7 | 1.3 |
| **Пари** | 62.1 | 64.3 | 2.2 |
| **Знаење** | 59.6 | 62.4 | 2.8 |
| **Време** | 55.8 | 55.8 | 0 |
| **Моќ** | 52.6 | 58.6 | 6.0 |
| **Здравје** | 87.1 | 87.2 | 0.1 |

[3] Податоците користени за пресметка на Индексот во 2019 година се последните достапни податоци за индикаторите од 2015 година, додека податоците користени за пресметка на Индексот во 2022 година се последните достапни податоци од 2019 година.

## 2.2. Промени споредено со ЕУ (2019)

Како и на претходното мерење на Индексот, земјата сè уште се позиционира зад просекот на земјите членки на ЕУ (ЕУ-27) за 3,5 поени (графикон 2). Важно е да се напомене дека разликата е намалена споредено со претходното мерење каде што земјата заостануваше зад просекот за 4,2 поена. Иако е потребно да се проследи трендот на резултатите на Индексот и во наредниот период, сепак, постојното мерење покажува дека земјата се движи со приближно слично темпо на бавен прогрес како и земјите членки на ЕУ, што укажува на потреба од значајно подобрување на политиките, практиката и посветеноста кон родовата еднаквост во земјата во периодот што претстои (ЕИГЕ, 2021).

**Графикон 2: Индекс на родова еднаквост, Северна Македонија и просек на ЕУ, 2019**




Спордбено по домени, Северна Македонија повторно има најголема разлика со ЕУ во домените Пари (18,1 поен) и Време (9,1 поен), а најмали се разликите кај домените Знаење (0,3 поени), Здравје (0,6 поени) и Работа (0,9 поени) (графикон 3). Како и на претходното мерење на Индексот од 2019 година, земјата има повисок резултат од просекот на ЕУ единствено кај доменот Моќ (+3,6 поени) (графикон 3).

**Графикон 3: Индекс на родова еднаквост по домени, Северна Македонија и ЕУ, 2019**




Споредено со земјите членки на ЕУ, овој пат Северна Македонија се рангира на четиринаесеттата позиција, помеѓу Италија (15) и Малта (13) и има напредок од една позиција повисоко во рангирањето споредено со 2019 година кога беше рангирана на петнаесеттата позиција. Земјата заостанува за 3,5 поени зад просекот на ЕУ и за 19,4 поени зад најдобро рангираната земја во ЕУ – Шведска (графикон 4).

Споредено со последните мерење на земјите од регионот на Западен Балкан што го публикуваат Индексот, земјата има повисок резултат од сите три земји –Албанија (2020), Србија (2021) и Црна Гора (2019) (графикон 4).

**Графикон 4: Индекс на родова еднаквост, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2021), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017)**




Доколку се следи прогресот споредено со мерењето од 2015 година, Северна Македонија е во групата земји со ниско ниво на напредок, седма од земјите со напредок до 3 поени заедно со Белгија (2,5 поени) и Грција (2,4 поени) (графикон 5). Србија, пак, спаѓа во земјите што бележат повисоко ниво на прогрес, со пораст на Индексот од 5,6 поени во периодот 2014-2018.[4]

**Графикон 5: Прогрес на Индексот на родова еднаквост, Северна Македонија (2015-2019), земји членки на ЕУ (2015-2019) и Србија (2014-2018)**




[4] Пресметките се засноваат врз податоци од 2014 и 2018 година, соодветно за Индексите публикувани во 2016 и 2021 година.

## 2.3. Промени на ниво на легислатива и политики

Во периодот од публикувањето на последниот Индекс во 2019 година со пресметки врз база на податоците од 2015 година, земјата помина низ неколку значајни промени во поглед на политиките и процесите за унапредување на родовата еднаквост, во комплексен контекст на пандемијата со вирусот КОВИД-19, почетокот на руската воена агресија врз Украина и последователните економски нарушувања. Иако пресметките на новиот Индекс ги користат последните достапни податоци од 2019 година, во продолжение следува преглед на промените на ниво на политики во периодот по 2015 година до моментот на финализирањето на овој извештај. Прегледот на промените на ниво на легислатива и политики реферира во значајна мера на прегледот содржан во новата Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 (Службен весник на РСМ, бр. 170/2022).

Во изминатиот период беа спроведени експертски дебати, евалуација и анализи за ефективноста и функционалноста на институционалните механизми за родова еднаквост (родова машинерија) и резултатите постигнати со постојниот Закон за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на РМ, бр. 6/2012 и бр. 150/2015). Анализите резултираа со препораки за неопходна реформа на родовата машинерија и потреба за понатамошно усогласување со меѓународните и европските правни стандарди и директиви (Реактор, 2020). За таа цел, во 2019 година Министерството за труд и социјална политика започна процес за креирање нов закон за родова еднаквост, формирајќи работна група што изготви Нацрт-закон за родова еднаквост, кој се очекува да биде одобрен и усвоен во наредниот период (Реактор, 2020).

Во јули 2022 година е усвоена и новата Стратегија за родова еднаквост за периодот 2022-2027 година (Службен весник на РСМ, бр. 170/2022) што претставува основен стратегиски документ на земјата во областа на родовата еднаквост, со кој се воспоставува институционалниот патоказ на целите и активностите за унапредување на родовата еднаквост и унапредување на статусот на жените во земјата во предвидениот период на имплементација. Стратегијата се надоврзува на Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2013-2020 година и се фокусира на три општи цели: 1. Воспоставување ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво (специфичните цели се фокусираат на институционалните механизми на централно и локално ниво); 2. Подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот (специфичните цели се однесуваат на областите пазар на труд, земјоделие, политичко учество, здравствена заштита, образование, мир, култура и спорт); и Сузбивање на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет (со специфичните цели посветени на сузбивањето на родово базираното насилство и родовите стереотипи и сексизмот).

Во 2020 година беше донесен и нов Закон за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ, бр. 258/2020) во кој интерсекциската дискриминација се препознава како потешка форма на дискриминација, а додадени се и родовиот идентитет и сексуалната ориентација како основа за дискриминација. Во 2022 година е донесена и новата Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 (МТСП, 2022).

Покрај овие стратегиски документи, во 2021 година е донесен и Националниот акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022-2024 што цели кон унапредување на интерсекциската правда, односно еднаков и правичен пристап до права, можности, ресурси и моќ во општеството, за жените и девојчињата Ромки (МТСП, 2021).

Од областа на пазар на труд, со измените во Законот за работните односи во 2015 година се регулираше правото на еднаква плата за жените и мажите, како и еднаков третман при вработување, услови за работа и шеми за социјално осигурување (Службен весник на РМ, бр. 74/15). Во тек е изработка на нов Закон за работните односи за кој е предвидено да се усогласи со Директивата (ЕУ) 2019/1158 за балансот помеѓу приватниот и работниот живот на родителите и лицата вклучени во грижа (Official Journal of the EU, 188/79), со што би се направиле реформи во сегашниот систем на породилното отсуство и би се вовело родителско отсуство што вклучува и посебно право на татково отсуство што во постојната регулатива се добива исклучително преку откажување/прекинување на правото на породилно отсуство на мајката (МТСП, 2022). Покрај постојните и планираните измени на Законот за работните односи, во 2017 година е направена значајна законска измена на Законот за минимална плата (Службен весник на РМ, бр. 11/12; 30/14; 180/14; 81/15; 129/15; и 132/17), со што се изедначи минималната плата во текстилната, кожарската и во чевларската индустрија (каде што најголем број од вработените се жени) со нивото на минималната плата во другите индустрии. Дополнително, се работи на нов Закон за заштита од вознемирување на работното место (Службен весник на РМ, бр. 79/13) и се очекува со него да се регулираат спречувањето и заштитата од психичко и сексуално вознемирување на работното место.

Со донесувањето на Законот за социјалната заштита во 2019 година (Службен весник на РСМ, бр. 104/19) е воведена реформа на системот на социјална заштита, вклучително и поголем фокус кон маргинализираните жени и девојчиња и одредби за финансиска помош и поддршка на жртвите на насилство. Дополнително, со Законот за бесплатна правна помош од 2019 година (Службен весник на РСМ, бр.101/19) опфатени се и жртвите на родово базирано и семејно насилство, вклучително и постапките за социјална заштита, социјално осигурување и заштита на правата на децата.

Во доменот образование, во 2019 година е донесен нов Закон за основното образование (Службен весник на РСМ, бр. 161/19) со кој се забранува директна и индиректна дискриминација, вклучително и врз основа на пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, а исто така предвидени се и афирмативни мерки за надминување на дискриминацијата и промоција на еднаквост во образовниот процес. Во 2018 година, пак, со измените на Законот за учебници за основно и средно образование (Службен весник на РМ, бр. 98/2008; 99/2009; 83/10; 36/11; 135/11; 46/12; 24/13; 120/13; 29/14; 146/15; 217/15; 30/16; и 21/18) воведени се уредби што целат кон обезбедување поквалитетни наставни материјали без дискриминаторски, стереотипизирачки и родово несензитивни содржини. Како дел од мерките за намалување на родовата сегрегација во терцијарното образование, Министерството за образование и наука (МОН) во учебната 2019/2020 година додели повеќе стипендии за студентки (63,7 %) споредено со студенти (36,3%) за биотехнички, техничко-технолошки, природно-математички, информациони технологии, математика и природни науки (МТСП, 2022). Дополнително, по подолги подготовки во 2021 година се пилотираше предметот за сеопфатно сексуално образование како изборен предмет во деветто одделение во наставата за основно образование во две основни училишта во Скопје и Тетово.

Во поглед на здравствената заштита, во 2019 година е усвоен новиот Закон за прекинување на бременоста (Службен весник на РСМ, бр. 101/19), со што се унапредени репродуктивните и здравствените права и слободи на жените (претходно лимитирани со рестриктивните промени воведени во претходниот закон од 2013 година, Службен весник на РМ, бр. 87/13). Новиот закон овозможува и прекинување на бременоста со медикаментозен метод и го препознава неприкосновеното право на жената самостојно да одлучи за прекинување на бременоста.

Во 2017 година Владата ја ратификуваше Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција), која стапи на сила во 2018 година, со што започна и процесот на нејзина имплементација. Дополнително беше изработен и Национален акциски план за спроведување на Истанбулската конвенција 2018-2023, со насоки за следење на усогласувањето на националното законодавство со одредбите од Истанбулската конвенција. Во согласност со акцискиот план, во 2021 година е донесен новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24/21), кој е усогласен со препораките од Истанбулската конвенција и цели кон проширување на системот за превенција и заштита од сите облици на родово базирано и семејно насилство.

Прегледот на главните промени во легислативата и политиките во доменот на родовата еднаквост во земјата покажува ниво на напредок во законската и стратегиската рамка за унапредување на родовата еднаквост во земјата. Сепак, значајно е да се напомене дека и покрај напредокот на нормативно ниво, доследната имплементација во практиката останува предизвик. Дел од главните причини за недоволниот степен на исполнување на обврските преземени со главните стратегиски документи во областа се недоволните финансиски средства за имплементација на соодветните мерки и активности (недостиг на посебно издвоен буџет со посебна намена) и често отсуство или несоодветна процена на фискалните импликации за имплементација на главните стратегиски програми и активности. Дополнителен предизвик се надлежноста, систематизираноста и влијанието на одговорните лица за имплементација на различните активности во рамките на институциите (координатори за еднакви можности), односно нивната можност да бараат континуирана отчетност и да наметнуваат приоритети во исполнувањето на активностите, мерките и програмите поврзани со родовата еднаквост во соодветните институции. Покрај овие предизвици, недостасува и сеопфатен систем за континуирано мониторирање на напредокот во остварувањето на зацртаните цели од законските и стратегиските документи за унапредувањето на родовата еднаквост. .

# 3. Домен Работа




Доменот Работа мери каква е вклученоста на жените и мажите на пазарот на труд и дали имаат еднаков пристап до квалитетно вработување и соодветни услови за работа. Пристапот до вработување и квалитетот на работните услови, како и родовата дискриминација и сегрегација (хоризонтална и вертикална) се едни од клучните фактори од кои зависи еднаквиот пристап до економски ресурси и намалување и елиминација на сиромаштијата (ЕИГЕ, 2013). Доменот Работа ги мери родовите разлики во областите поврзани со пазарот на трудот преку два поддомени, Учество и Сегрегација и квалитет на работа.

Поддоменот Учество ги мери разликите меѓу жените и мажите во однос на вработеноста и времетраењето на работниот век. Се мери преку два индикатора: индикаторот стапка на вработеност (население на возраст 15+), еквивалент на полно работно време; и индикаторот за времетраење на работен век (население на возраст 15+). Индикаторот за стапка на вработеност, еквивалент на полно работно време, се добива споредувајќи го просечниот број работни часови на секој вработен со просечниот број работни часови на вработен со полно работно време (ЕИГЕ, 2017а).

Вториот поддомен е составен од два индикатора – секторска (хоризонтална) сегрегација и квалитет на работата. Хоризонтална сегрегација претставува концентрација на жени и мажи во одредени работни сектори и занимања.[5] Се мери преку учеството на жени и мажи во секторите образование, здравство и социјална работа како процент од вкупно вработените лица во сите сектори. Квалитетот на работата се мери преку флексибилноста на работата и кариерната перспективност. Флексибилноста во работата се мери преку можноста на вработените да земат еден или два часа слободни во текот на работното време заради лични или фамилијарни потреби. Кариерната перспективност, пак, се мери преку индексот на кариерната перспективност што го мери квалитетот на работата преку комбинирање на индикаторите за статусот на вработување (самовработен или вработен), тип договор за работа, перцепција на работникот за перспективите за напредување во работата и перцепција за веројатноста за губење на работата) (ЕИГЕ, 2017а). Се мери на скала од 0 до 100 поени, каде што повисоката вредност означува повисок квалитет на работата (кариерна перспектива).

## 3.1. Статус и промени

**Графикон 6: Индекс на родова еднаквост во доменот Работа и поддомените, Северна Македонија 2015 – 2019**




[5] Вертикалната сегрегација, пак, означува концентрација на жени и мажи на различни нивоа на работна одговорност, положба и моќ и одлучување, од кои произлегуваат и различни нивоа на финансиски и општествени придобивки. Во мерењето на Индексот и вредноста на доменот Работа влегува индикаторот за секторска (хоризонтална) сегрегација.

Вкупниот резултат во доменот Работа е 70,7 поени и е подобрување за 1,3 поени споредено со Индексот во овој домен од 2015 година. Позитивна промена се бележи во поддоменот Учество (раст од три поени споредено со 2015 година) што, главно, придонесува во растот на сумарниот Индекс на доменот Работа. Кај поддоменот Сегрегација и квалитет на работа се забележува опаѓање од 0,4 процентни поени што се должи на корекциите на коефициентите во пресметката, што го земаат предвид односот меѓу мажите и жените и највисоката вредност меѓу земјите.

Доколку се анализираат индикаторите што се основа за пресметката на Индексите во доменот Работа и поддомените, најзначајна промена има кај вработеноста, односно стапката на вработеност, еквивалент на полното работно време. Имено, иако во периодот од 2015 година до 2019 година има пораст на стапките на вработеност и кај жените и кај мажите, родовиот јаз (разликата) во стапките на вработеност се зголемува од 16,5 процентни поени во 2015 година на 18,3 процентни поени во 2019 година заради повисокиот пораст на вработеноста кај мажите споредено со жените (табела 2).

**Табела 2: Еквивалент на полно работно време, стапка на вработеност (%, 15+ население)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 32,5 | 49 | -16,5 |
| 2019 | 35,9 | 54,2 | -18,3 |

Сепак, индикаторите, исто така, покажуваат дека во просек жените сè уште се поретко вработени со полно работно време споредено со мажите и очекуваното времетраење на нивниот работен век во просек е пократко за 10 години споредено со работниот век на мажите (табела 3).

**Табела 3: Времетраење на работниот век (години)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз |
|---|---|---|---|
| 2015 | 25,1 | 36,9 | -11,8 |
| 2019 | 26,4 | 36,8 | -10,4 |

Кај поддоменот Сегрегација и квалитет на работа може да се следи промената на состојбите само кај индикаторот за секторска сегрегација, додека за флексибилност на работата и Индексот на кариерна перспективност нема нови податоци од последното мерење на Индексот. Секторската сегрегација укажува на висока концентрација на вработеност на жени во секторите образование, здравство и социјална работа. Во 2019 година продолжи порастот на учеството на вработени жени во овие сектори споредено со учеството на мажи и следствено има пораст на родовиот јаз во секторската сегрегација споредено со 2015 година (табела 4).

**Табела 4: Секторска сегрегација - вработени во образование, здравство и социјална работа (%, 15+ население)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 19 | 5,9 | 13,1 |
| 2019 | 20 | 5,7 | 14,3 |

Користените индикатори за флексибилност на работата од 2015 година покажуваат дека вработените жени во Северна Македонија во просек имаат помала флексибилност во работното време споредено со мажите, а со тоа и помалку можности за балансот помеѓу работните обврски и приватниот живот (табела 5). Овој аспект е значаен и дополнително негативно влијае врз учеството на жените на пазарот на труд, особено во земја каде што постои изразена нерамномерна распределба на неплатената работа, односно домашните обврски и грижата за децата што во најголема мера ја вршат жените (овој аспект подетално е анализиран во доменот Време).

**Табела 5: Флексибилност во работата (%, 15+ население)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 41,1 | 44,2 | -3,1 |

# 3.2. Промени споредено со ЕУ (2019)

**Графикон 7: Индекс на родова еднаквост во домeнот Работа и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019**




Споредено со просекот на ЕУ, разликата во доменот Работа се намалува од 2,1 поен на 0,9 поени споредено со 2015 година. Подобрување на резултатите на доменот има и во Северна Македонија и на ниво на ЕУ, но поизразено е во Северна Македонија. Споредбено со ЕУ разликата е поизразена во поддоменот Учество (10,1 поен) што, иако е намалена споредено со 2015 година (11,6 поени), сепак, укажува на значајно заостанување зад европскиот просек во поглед на родовите разлики во вработеноста и времетраењето на работниот век.

Во поддоменот Сегрегација и квалитет на работа нема промени за земјата од 2015 година и резултатот е повисок од европскиот просек. Во ЕУ, пак, има влошување на резултатот споредено со 2015 година и тоа влијае врз зголемувањето на разликата во овој поддомен меѓу Северна Македонија и просекот на ЕУ (ЕУ-27), од 6,7 поени на 7,2 поени споредено со 2015 година.

Споредено со земјите членки на ЕУ и земјите од регионот што го публикувале Индексот, Северна Македонија е рангирана на осумнаесеттото место, блиску, но под просекот на ЕУ. Земјата има повисоки резултати во доменот Работа споредено со последните објавени резултати на Индексот на земјите во регионот (Албанија, Србија и Црна Гора), но сепак заостанува за 12,4 поени зад Шведска како највисоко рангирана земја. Групата земји со кои Северна Македонија има приближни вредности во доменот Работа се претежно земјите членки на ЕУ од регионот на Југоисточна Европа (Кипар, Бугарија, Романија) или поранешна Југославија (Хрватска, Србија)..

**Графикон 8: Индекс на родова еднаквост во доменот Работа, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017)**



Иако има одредено подобрување во доменот Работа споредено со 2015 година, сепак во земјата има значајни родови нееднаквости во оваа област. Жените имаат пониски стапки на активност на пазарот на труд, пониска вработеност и во просек почесто од мажите работат како неплатени семејни работници (Евростат, 2022). Родовиот јаз во вработеноста е највисок за жените со низок степен на образование, посочувајќи на посилен притисок жените да поседуваат повисоки квалификации за да можат да обезбедат вработување, што не е случај кај мажите. Исто така, родителството, местото на живеење (урбана/рурална средина), етничката припадност (особено кај Ромките), како и статусот на лице со попреченост, повеќе влијаат врз економската активност и исходот на вработеност кај жените отколку кај мажите (ДЗС, 2023; Евростат, 2022; ДЗС и УНИЦЕФ, 2020). Неплатената домашна работа и грижата за децата што доминантно ја извршуваат жените (види домен Време), исто така, претставува уште една значајна бариера за активноста на жените на пазарот на труд и вработеноста. Ова е особено релевантно во контекст во кој преовладуваат традиционалните родови норми и улоги, има недоволна достапност и квалитет на услуги во градинките, недостиг на флексибилна работа и мерки што овозможуваат приспособување на фамилијарните и работните обврски, недостиг од споделено родителско отсуство, како и недоволен опфат на мајчинското (породилно) отсуство што ги исклучува регистрираните индивидуални земјоделки[6], како и невработените мајки. Друга бариера со која се соочуваат жените на пазарот на труд е родово базираната дискриминација. Во земјата постојни истражувања што нотираат искуство со различни форми на родово базирана дискриминација на пазарот на труд кај 37 проценти од жените испитанички и поголема распространетост на дискриминацијата во приватниот сектор (Лешоска и др., 2022). Покрај овие фактори, ограничувањата поврзани со јавниот транспорт и мобилноста, даночниот систем, како и миграциите се дополнителни важни двигатели што влијаат врз учеството на жените на пазарот на труд (Светска Банка, 2017; 2020).

Овие аспекти ги посочуваат постојните структурни фактори што ги ограничуваат еднаквите можности за учество на жените на пазарот на труд. Во политиките и мерките што ги подобруваат предусловите за зголемена економска активност на жените е вклучено континуираното инвестирање во социјалната инфраструктура (зголемување на бројот и квалитетот на услугите во градинките, центрите за грижа на возрасни лица), како и воведувањето на споделено родителско отсуство. Споделеното родителско отсуство овозможува и охрабрува поголемо инволвирање на татковците во грижата за децата од рана возраст, како и поголемо учество во неплатената домашна работа. Споделеното родителско отсуство комбинирано со други политики и мерки што овозможуваат рамнотежа на работниот и приватниот живот (како што е флексибилна работа, хибридна или работа од дома) овозможува подобри предуслови за активност на жените на пазарот на труд и вработување. Исто така, ваквиот сет политики овозможува постепено менување на т.н. норма за „идеален работник" (Williams, 2000), која претпоставува работници што целосно ѝ се посветени само на својата платена работа, без други поголеми одговорности, родителски улоги или потреба за грижа за други лица надвор од работата (што во најголема мера ја исполнуваат мажите, особено во општества каде што неплатената домашна работа и грижата за децата доминантно ја извршуваат жените). Оттука, ваквиот сет политики потенцијално влијае и врз намалувањето на родово базираната дискриминација на пазарот на труд, со која жените се соочуваат многу повеќе споредено со мажите токму заради нивната претпоставена главна улога во грижата за децата и домашните работни обврски. Покрај овие политики, важно е да се инвестира во ефикасен и достапен јавен превоз и патна инфраструктура, особено во руралните средини и приградските населби каде што жените се соочуваат со ограничен пристап до работни места во близина на нивните населби и населени места.

Сите овие наведени мерки и политики потребно е да бидат придружени со континуирано вложување во сеопфатно родово сензитивното образование од рана возраст, со цел да се превенираат раната социјализација и прифаќањето на штетните традиционални родови норми и улоги, а со цел да се промовираат еднаквоста и еднаквите можности за сите луѓе во општеството, без разлика на нивниот род, пол, родов идентитет, етничка припадност, националност, раса, попреченост, сексуалност, класа, религија или која било друга основа.

Во изминатите неколку години се зголемени инвестициите во нови градинки, но сè уште има недоволна покриеност во опфатот на децата и задоволството од квалитетот на услугите е на ниско ниво (Лешоска и др., 2022).

[6] Во тек е едногодишна (2023) пилот-програма на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, која овозможува платено породилно отсуство за регистрираните индивидуални земјоделки. Сепак, ова е времено решение и потребни се понатамошни измени на законската легислатива за да се овозможи трајно решение на правото на платено мајчинско отсуство за регистрираните индивидуални земјоделки во земјата (Службен весник на РСМ, бр. 31/2023). До затворањето на овој извештај не беа усвоени законски измени кои гарантираат еднакво право на породилно отсуство за земјоделките како и за останатите вработени и самовработени лица опфатени со постојниот Закон за здравствено осигурување.

Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2022 – 2027 година предвидува специфична цел за (2.1) намалување на родовиот јаз во економското учество на жените на пазарот на труд, со интерсекциски пристап (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 170/2022). Очекуваните резултати се насочени кон зголемена активност на жените на пазарот на труд, со посебен фокус на маргинализираните групи, намалување на родовиот јаз во платите, намалување на секторската и хиерархиската сегрегација на работните места, подобрен квалитет на работата, воспоставени мерки за усогласување на приватниот и професионалниот живот, во согласност со Директивата (ЕУ) 2019/1158 за баланс на приватниот и професионалниот живот (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 170/2022). Покрај широко дефинираните цели и недостигот од специфични таргети и чекори за постигнување на зацртаните цели и резултати, сепак Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 дава генерална рамка и насоки за надлежните институции понатаму да дефинираат и развијат специфични мерки и политики преку кои ќе се подобри економското учество на жените и ќе се влијае врз намалувањето на постојните родови јазови во активноста и вработеноста на жените на пазарот на труд.

# 4. Домен Пари




Доменот Пари ги мери родовите нееднаквости во пристапот до финансиски ресурси и економската состојба на жените и мажите (ЕИГЕ, 2013). Доменот Пари се состои од два поддомени, поддоменот Финансиски ресурси и поддоменот Економска состојба.

Поддоменот Финансиски ресурси ги мери родовите нееднаквости во пристапот до финансиски ресурси преку индикаторите за просечна месечна заработувачка и просечен нето-приход на жените и мажите. Индикаторот за просечна месечна заработувачка се однесува на приходот од работа, додека вториот индикатор е просечен еквивалентен нето-приход. Вториот индикатор се пресметува преку вкупниот приход на домаќинството што, покрај приходот од платена работа, вклучува и пензии, инвестиции, социјални придобивки и други извори на приходи по даночните и други одбитоци (детално објаснување во Анекс 1). Двата индикатора се изразуваат на ниво на стандард на куповната моќ што овозможува понатамошна споредливост со други земји.

Вториот поддомен, Економска состојба, е составен од индикатори што ги мерат ризикот од сиромаштија и дистрибуцијата на приходите кај жените и мажите. Првиот индикатор го пресметува процентот на лица што не се во ризик од сиромаштија (остваруваат нето-приход што е еднаков или поголем од 60 проценти од медијалниот национален еквивалентен приход). Вториот индикатор е квинтилен соднос на приходите и ја мери нееднаквата распределба на приходите меѓу жените и мажите.

## 4.1. Статус и промени

**Графикон 9: Индекс на родова еднаквост во доменот Пари и поддомените, Северна Македонија 2015 - 2019**




Вредноста на сумарниот резултат на доменот Пари е 64,3 поени за 2019 година и зголемен е за 2,2 поени споредено со 2015 година. Подобрувањето на сумарниот резултат на доменот е резултат на подобрување на вредностите на Индексот и во двата поддомени, кај поддоменот Финансиски ресурси за 1,8 поени и кај поддоменот Економска состојба за 2,7 поени споредено со резултатите од 2015 година (графикон 9). Сепак, резултатите на Индексот во доменот Пари сè уште покажува значајна родова нееднаквост и послаба економска положба на жените во земјата.

Иако има подобрување на резултатот во поддоменот Финансиски ресурси споредено со 2015 година, сепак, вредноста на Индексот укажува на сè уште висока родова нееднаквост што подразбира многу понеповолна положба на жените во пристапот до финансиски ресурси (просечна месечна заработувачка и просечен еквивалентен нето-приход).

Вредностите на поединечните индикатори за 2019 година покажуваат дека и покрај подобрувањата на просечната месечна заработувачка и на просечниот еквивалентен нето-приход кај жените и мажите споредено со 2015 година, сепак, во просек, примањата и расположливиот доход на жените се помали споредено со просекот на мажите (табела 6 и табела 7).

**Табела 6: Просечна месечна заработувачка (стандард на куповната моќ)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз |
|---|---|---|---|
| 2015 | 1003 | 1108 | -105 |
| 2018 | 1067 | 1275 | -208 |

**Табела 7: Просечен еквивалентен нето-приход (стандард на куповната моќ)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз |
|---|---|---|---|
| 2015 | 5359 | 5434 | -75 |
| 2019 | 6241 | 6360 | -119 |

Индикаторите кај поддоменот Економска состојба бележат одредено влошување во процентот на жени и мажи што се во ризик од сиромаштија, но и подобрување во поглед на распределбата на приходот кај жените и мажите споредено со 2015 година. Индикаторот за изложеност на ризик од сиромаштија покажува дека споредено со 2015 година има незначителен пораст на изложеноста на ризик од сиромаштија и за жените (0,4 процентни поени) и за мажите (0,3 процентни поени), но порастот е поизразен кај жените (20,5 проценти од жените и 20,2 проценти од мажите, во ризик од сиромаштија).

**Табела 8: Неизложеност на ризик од сиромаштија (%, население 16+)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 79,9 | 80,1 | -0,2 |
| 2019 | 79,5 | 79,8 | -0,3 |

Вториот индикатор од поддоменот Економска состојба што ја мери нееднаквоста во распределбата на приходот се намалува во 2019 година споредено со последното мерење од 2015 година и е на исто ниво и за мажите и за жените (табела 9).

**Табела 9: Распределба на доход (S20/S80)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз |
|---|---|---|---|
| 2015 | 15,8 | 15,5 | 0,3 |
| 2019 | 18 | 18 | 0 |

## 4.2. Промени споредено со ЕУ (2019)

**Графикон 10: Индекс на родова еднаквост во доменот Пари и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019**




Споредено со другите домени на Индексот за родова еднаквост, земјата повторно најмногу заостанува зад просекот на ЕУ токму во доменот Пари. Значајната разлика во голема мера се должи на изразената родова нееднаквост во поддоменот Финансиски ресурси, каде што Северна Македонија заостанува зад ЕУ со 28,4 поени (графикон 10).

Разликата во резултатот помеѓу Северна Македонија и просекот на земјите на ЕУ е зголемена од 17,5 поени во 2015 година на 18,1 поен во 2019 година, означувајќи побавен прогрес на Северна Македонија, а поголем прогрес кон родова еднаквост во овој домен има кај земјите членки на ЕУ. Споредено со земјите членки на ЕУ, како и со земјите од регионот на Западен Балкан, Северна Македонија се рангира на 28. место, односно има четврт најнизок резултат во доменот Пари. Земјата има повисок резултат само од земјите од регионот (Албанија, Србија и Црна Гора) и заостанува за 28,1 поен зад Шведска како највисоко рангирана земја во ЕУ (графикон 11).

**Графикон 11: Индекс на родова еднаквост во доменот Пари, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017)**




Жените во Северна Македонија заработуваат помалку и се наоѓаат во повисок ризик од сиромаштија во споредба со мажите. Пониските приходи, пократкиот работен век и високата неактивност на пазарот на труд придонесуваат за поголем ризик од сиромаштија, поголема економска несигурност и влошени финансиски изгледи за жените во секоја фаза од нивниот живот, особено во подоцнежните години. Покрај политиките што се релевантни за подобрување на економската активност на жените дискутирани во доменот Работа, потребни се дополнителни унапредувања на политиките за елиминирање на родово базираната дискриминација што придонесува за родовиот јаз во платите (помала плата на жените споредено со мажите за исто ниво на квалификации, образование, иста работна позиција или работа со иста вредност). Потребно е унапредување на постојниот Закон за работни односи кој, покрај одредбите за еднаква плата за еднаква работа, треба да содржи и јасни одредби за еднаква плата за работа со иста вредност (Службен весник на РСМ, бр. 151/21).

Во Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027, преку специфичната цел (2.1) намалување на родовиот јаз во економското учество на жените и пазарот на трудот, е предвиден фокус кон намалување на родовиот јаз во платите (Службен весник на РСМ, бр. 170/2022). Сепак, за остварување на целта потребни се конкретно именувани мерки и политики, како и дополнителни индикатори за следење на прогресот. Во оваа насока, Индексот на родова еднаквост служи како корисна алатка за мониторирање и процена на ефектите од постојните политики и нивната имплементација и со тоа помага за подобро натамошно планирање за унапредување на родовата еднаквост во овој домен.

# 5. Домен Знаење




Доменот Знаење ги мери родовите нееднаквости во степенот на стекнато образование, учеството во образовниот процес, доживотното учење и родовата сегрегација. Овој домен е составен од два поддомени, поддоменот Завршено образование и учество и поддоменот Сегрегација.

Поддоменот Завршено образование и учество ги следи разликите во стекнатиот највисок степен на образование кај жените и мажите, како и нивното учество во формалното и неформалното образование со цел стекнување знаење, вештини и компетентност во различни области. Се пресметува преку индикаторот за дипломирани студенти на високо (терцијарно) образование (како % од население 15+ години) и индикаторот за доживотно учење што го покажува процентот на жени и мажи што учествуваат во формалното и неформалното образование и обука. Поддоменот Сегрегација ја мери родовата сегрегација во високото (терцијарно) образование преку процентите на студенти (жени и мажи) што студираат во областите образование, здравство, социјална работа, хуманистички науки и уметности.

## 5.1. Статус и промени

**Графикон 12: Индекс на родова еднаквост во доменот Знаење и поддомените, Северна Македонија 2015 - 2019**




Доменот Знаење бележи раст на Индексот во споредба со 2015 година за 2,8 поени и има најголем напредок споредено со другите домени (графикон 12). Раст има и кај двата поддомени споредено со 2015 година, со поизразен напредок кај поддоменот Сегрегација (+4,4 поени). Подобрувањето на резултатот во доменот

Знаење ги рефлектира, пред сè, позитивните промени во растот на лицата со завршено високо образование (мажи и жени), како и растот на студенти што студираат во областа образование, здравство и социјална работа, хуманистички науки и уметности. Родовиот јаз кај доменот Знаење е единствен споредено со останатите пет домени на Индексот каде што родовата нееднаквост е резултат на повисоки стапки на учество на жените наспроти мажите, особено рефлектирано во поддоменот Завршено образование и учество.

Индикаторите на поддоменот Завршено образование и учество покажуваат повисоко учество на жените во образовниот процес (формално или неформално образование), како и повисок процент на жени со стекнато високо образование во споредба со мажите (табела 10 и табела 11). Учеството на лицата со завршено високо образование се зголемува и кај жените и кај мажите во споредба со 2015 година, иако останува повисок кај жените (табела 10). Овие резултати го рефлектираат трендот на пораст на бројот на дипломирани жени во високо образование наспроти бројот на дипломирани мажи, присутен во последната декада.

**Табела 10: Лица со завршено високо (терцијарно) образование (%, население 15+)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 17,1 | 15 | 2,1 |
| 2019 | 18,5 | 16,8 | 1,7 |

Процентот на лица што учествуваат во формалното или неформалното образование во 2019 година се намалува и за жените и за мажите, но, сепак, учеството на жените е повисоко, како и во 2015 година (табела 11).

**Табела 11: Лица што учествуваат во формалното или неформалното образование и обука (%, население 15+)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 12,5 | 12,3 | 0,2 |
| 2019 | 12,1 | 11,7 | 0,4 |

Иако процентот на студенти се зголемува и за жените и за мажите споредено со 2015 година, сепак, индикаторот за сегрегација покажува позначајна разлика во процентот на студентки наспроти студенти што студираат во областите образование, здравство и социјална работа, хуманистички науки и уметности и во 2019 година (табела 12). Следењето на овој индикатор е важно како рефлексија на промените во однос на традиционалните професионални насочувања поттикнати од традиционалните родови улоги и норми. Повисоката застапеност на жени во споменатите области покажува сè уште високо ниво на концентрација (сегрегација) на жените во областите што се сметаат како традиционално женски и со пониски приходи (посветени кон грижа, помош, поддршка, општествени односи и сл.), наспроти природните науки, технологијата и инженерството како области со повисоки приходи, професии што се сметаат како иднина на развојот и кон кои мажите и момчињата повеќе се охрабрувани да го продолжат своето образование и кариера.

**Табела 12: Студенти во високото (терцијарно) образование во областа образование, здравство и социјална работа, хуманистички науки и уметности (%, население 15+)**

| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
|---|---|---|---|
| 2015 | 39,9 | 22,9 | 17 |
| 2019 | 45,1 | 26,1 | 19 |

Исто како и во првото мерење од 2015 година, Индексот за родова еднаквост во доменот Знаење укажува на потреба од значајно подобрување на разликите помеѓу жените и мажите во доменот образование. Особено се потребни подобрувања во поглед на намалувањето на сегрегацијата во образованието по области помеѓу жените и мажите и поттикнување поголемо учество на жените во образовните области поврзани со природните науки, технологијата и инженерството.

Сè уште преовладуваат родово стереотипните одлуки во образованието, но во последната декада жените сè почесто ги избираат СТЕМ областите (природни науки, технологија, инженерство, математика), со што родовиот јаз кај запишаните студенти на СТЕМ насоките се намалува од 5,6 процентни поени во 2013 година на 3,8 процентни поени во 2020 година (Евростат, 2022). Покрај понудата на привлечни работни позиции во СТЕМ областите, кон намалување на родовиот јаз одреден придонес имаат и позитивните мерки што се имплементирани во изминатиот период, како што се информативни кампањи и стипендии за поддршка на студентки на СТЕМ насоките (Службен весник на РСМ, бр. 170/2022).

## 5.2. Промени во споредба со ЕУ (2019)

**Графикон 13: Индекс на родова еднаквост во доменот Знаење и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019**




Споредено со резултатите на Индексот во доменот Знаење на ниво на ЕУ, Северна Македонија заостанува со мала разлика од 0,3 поени од просекот на ЕУ. Разликата во резултатот на сумарниот Индекс на доменот со просекот на ЕУ е намалена споредено со последното мерење, пред сè, заради подобрувањето на сумарниот резултат во Северна Македонија. Вредностите на Македонија се значително пониски споредено со ЕУ во поддоменот Завршено образование и учество (12 поени), додека во поддоменот Сегрегација Северна Македонија има подобар резултат (+10,3 поени), односно помали нееднаквости споредено со просекот на ЕУ (графикон 13).

Големата разлика во поддоменот Завршено образование и учество се објаснува со ниските стапки на лица со стекнато високо образование и лица што учествуваат во формалното и неформалното образование споредено со земјите членки на ЕУ. Имено, доколку се анализираат индикаторите кај различните земји членки на ЕУ, се забележува дека Северна Македонија има меѓу најниските проценти на лица со стекнато високо образование (табела 10), над Романија (14,1 процент жени; 13,6 проценти мажи) и блиску до индикаторите на Чешка (19,5 проценти жени; 18,8 проценти жени), но далеку зад најдобро рангираната Шведска (42,8 проценти жени; 30,8 проценти мажи). Споредено со земјите од регионот, земјата има пониски проценти на лица со завршено високо образование во споредба со Србија и Црна Гора. Со исклучок на Германија, Холандија, Австрија и Луксембург, во сите други земји членки на ЕУ процентот на жени со стекнато високо образование го надминува оној на мажите, со највисок јаз во Естонија (17,2 процентни поени).

Слична е состојбата и кај индикаторот за учество во формалното или неформалното образование (табела 11), каде што Северна Македонија е меѓу шесте земји на ЕУ со најниски стапки (Бугарија, Романија, Словачка, Полска, Хрватска, Грција), далеку зад најдобро рангираните земји, како што се Шведска (45,8 проценти жени; 31,6 проценти мажи) и Финска (36,2 процента жени; 29,1 процент мажи).

Во однос на сегрегацијата, иако е изразена во Северна Македонија, сепак, родовите јазови се високи и на ниво на ЕУ, достигнувајќи и 33,1 процентен поен разлика во Финска, 26,9 процентни поени во Естонија и 25,3 процентни поени во Словенија. Помали разлики од Северна Македонија (19 процентни поени) имаат Романија (15,2 процентни поени), Бугарија (16,8 процентни поени), Луксембург (17,6 процентни поени) и Холандија (18,3 процентни поени).

**Графикон 14: Индекс на родова еднаквост во домен Знаење, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017)**




Доколку се спореди резултатот на сумарниот Индекс во доменот Знаење со резултатите на земјите членки на ЕУ и земјите од регионот на Западен Балкан, Северна Македонија е рангирана на единаесеттото место, зад Австрија и над Финска, со резултат на Индексот во доменот Знаење малку зад просекот на ЕУ (графикон 14). Северна Македонија има 12,8 поени помалку од најдобро рангираната земја во доменот – Шведска и подобар сумарен резултат на Индексот од земјите во регионот, со 6,4 поени повисок резултат од Србија, 6,8 поени повисок резултат од Албанија и 7,3 поени повисок резултат од Црна Гора (графикон 14).

# 6. Домен Време




На кој начин луѓето го поминуваат времето и колкав дел од денот им посветуваат на платената работа (кариерен развој), домашните активности и грижата за други лица (неплатена работа), како и на активностите за лично задоволство и благосостојба е важно прашање за родовата еднаквост и рефлексија на родовите норми во општествата. Доменот Време ги мери и следи нееднаквостите меѓу жените и мажите во времето што им го посветуваат на неплатената домашна работа и грижата за децата, како и времето посветено на волонтирање и рекреација. Доменот се мери преку два поддомени, поддоменот Активности за грижа и поддоменот Општествени активности.

Првиот поддомен мери во колкава мера жените и мажите им посветуваат време на грижата за децата и возрасните лица и на извршувањето домашни работи и се мери преку два индикатора. Првиот е индикаторот за време посветено на грижата што дава приказ колкав процент жени и мажи секојдневно издвојуваат време за грижа и едукација на децата или внуците, грижа за возрасните и изнемоштените лица или лицата на кои им е потребна постојана поддршка на дневно ниво. Вториот индикатор мери колкав процент од жените и мажите посветуваат секојдневно време на (неплатени) домашни работи, како што се готвењето, одржувањето хигиена во домот, организирање на домаќинството, перење и сл.

Вториот поддомен Општествени активности ги мери родовите нееднаквости во времето поминато на културни, спортски, забавни и добротворни активности и се мери преку два индикатора. Првиот индикатор го мери процентот на жените и мажите што имаат време дневно или неколкупати во текот на неделата за спортување, културна или забавна активност. Вториот индикатор ги мери разликите кај жените и мажите во можноста да издвојат време за добротворни и волонтерски активности барем еднаш во месецот.

## 6.1. Статус и промени

**Графикон 15: Индекс на родова еднаквост во доменот Време и поддомените, Северна Македонија 2015, нема промени заради недостиг од нови податоци**



Индексот на родова еднаквост во доменот Време достигнува 55,8 поени и тоа е најнискиот резултат споредено со другите домени (заедно со доменот Моќ што има втор најнизок резултат). Промените во овој домен не може да се мониторираат споредено со последниот објавен Индекс бидејќи нема нови податоци за индикаторите што се користат за пресметка на доменот и поддомените и се користат истите последни податоци од Европското истражување за квалитет на живот (EQLS, 2016) и Европското истражување за условите за работа (EWCS , 2015). Ова е случај и на ниво на ЕУ (ЕИГЕ, 2021), како и во земјите од регионот (Албанија, Србија и Црна Гора) кои, исто така, ги користат своите последни достапни податоци од 2015 и 2016 година за пресметка на Индексот во доменот Време.

Резултатите на Индексот кај поддомените покажуваат исклучително високи родови нееднаквости и во поглед на времето поминато во активностите за грижа (55,6 поени на Индексот) и активностите поврзани со волонтерство, спорт и рекреација (55,2 поена). Имено, индикаторите во поддоменот Активности за грижа покажуваат дека жените поминуваат значително повеќе време во грижата за децата, внуците или други лица на кои им е потребна поддршка во семејството. Нееднаквоста е особено значајно изразена кај неплатената домашна работа и покажува дека исклучително мал процент мажи (10,4 проценти) им посветуваат време на домашните активности од кои зависат секојдневниот живот и функционирањето на луѓето, како што се готвење, чистење, перење и слични активности во домот. Оттука, жените се тие што во најголема мера ја извршуваат неплатената работа во домот и тие секојдневно се инволвирани во извршувањето на најголемиот дел од обврските поврзани со готвењето, чистењето, перењето и сл. (табела 13).

**Табела 13: Индикатори во поддомен Активности за грижа**

| Лица што секојдневно се вклучени во неплатена грижа или едукација на деца или внуци, грижа за возрасни лица или лица со попреченост (%, население 18+) | | |
|---|---|---|
| Година | Жени | Мажи |
| 2016 | 39,3 | 29,9 |
| **Лица што секојдневно се вклучени во неплатени домашни активности, како што се готвење, перење, чистење и др. (%, население 18+)** | | |
| Година | Жени | Мажи |
| 2016 | 71,1 | 10,4 |

Следствено на големите родови нееднаквости во поддоменот Активности за грижа, очекувано е индикаторите во поддоменот Општествени активности да покажуваат родови нееднаквости во времето поминато во добротворни активности и културни, спортски или други рекреативни активности надвор од домот (табела 14). Индикаторите во поддоменот покажуваат дека помалку вработени жени (13,3 проценти) споредено со вработени мажи (16,4 проценти) имаат време за спортување, културни или други рекреативни активности. Разликата е уште поизразена кај времето поминато во доброволна или добротворна активност, односно вработените мажи во поголема мера им посветуваат време на волонтерските или добротворните активности во споредба со вработените жени (22,9 проценти наспроти 16,6 проценти, соодветно).

**Табела 14: Индикатори во поддомен Општествени активности**

| Вработени лица што имаат време за спортување, културни или забавни активности надвор од својот дом, барем секој ден или неколкупати неделно (%, вработени 15+) | | |
|---|---|---|
| Година | Жени | Мажи |
| 2015 | 13,3 | 16,4 |
| **Вработени лица што имаат време за доброволна или добротворна активност, барем еднаш месечно (%, вработени 15+)** | | |
| Година | Жени | Мажи |
| 2015 | 16,6 | 22,9 |

Индикаторите и кај двата поддомена потврдуваат дека во земјата силно преовладуваат традиционалните родови норми во однос на родовите улоги на жените и мажите, па така жените, за разлика од мажите, продолжуваат во најголема мера да ја вршат неплатената работа во домот поврзана со грижа и домашни активности, лимитирајќи го времето за платена работа (и кариерен развој) и/или добротворни, рекреативни активности и одмор.

## 6.2. Промени споредено со ЕУ (2015))

**Графикон 16: Индекс на родова еднаквост во доменот Време и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2015**




Споредено со Индексот на родова еднаквост во доменот Време на ниво на ЕУ, земјата заостанува зад просекот (ЕУ-27) за 9,1 поен, рангирајќи се меѓу десетте земји членки со највисоки родови нееднаквости во овој домен. Разликата е особено изразена кај поддоменот Активности за грижа каде што разликата со просекот на ЕУ е 12,3 поени, а единствени земји членки на ЕУ што имаат пониски вредност во овој поддомен се Бугарија (55,7 поени), Хрватска (54,4 поени) и Грција (50,9 поени).

Споредено со земјите членки на ЕУ, земјата се рангира на осумнаесеттото место, меѓу Чешка и Унгарија (графикон 17). Заостанува со високи 34,3 поени зад Шведска како најдобро рангирана земја и има предност од 13,1 поен пред Бугарија како најниско рангирана земја во овој домен во рамките на ЕУ.

Споредено со земјите од регионот и нивните последни мерење на Индексот, во овој домен Северна Македонија се рангира подобро од Албанија (плус 7,7 поени), Србија (плус 7,1 поен) и Црна Гора (плус 3,1 поен). Има повисоки резултати во поддомените споредено со сите три земји, со исклучок на Црна Гора, каде што единствено резултатот на поддоменот Општествена активност (56,2 поена) е повисок од оној на Северна Македонија.

**Графикон 17: Индекс на родова еднаквост во домен Време, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017)[7]**




[7] ЕУ и земјите од регионот (Албанија, Србија и Црна Гора), исто така, ги користат своите последни достапни податоци од 2015 и 2016 година за пресметка на Индексот во доменот Време.

Достапните податоци за користење на времето покажуваат дека жените поминуваат значително повеќе време во неплатена домашна работа и грижа за децата споредено со мажите, без разлика на нивниот статус на вработеност, возраст, брачен/партнерски статус, родителски статус или место на живеење (урбана/рурална средина) (ДЗС, 2015). Неодамнешниот извештај за влијанието на КОВИД-19 покажа дека контекстот на пандемијата уште повеќе ги влоши родовите нееднаквости во поделбата на неплатената работа и грижата за децата (UN Women, 2020). Жените во земјата значајно повеќе го зголемија времето посветено на грижата за децата и домашните активности, како што се готвење, перење, чистење и сл., особено мајките и жените што живеат со сопрузи/партнери. Мажите го зголемија времето поминато во домашни активности, особено времето посветено на грижата за децата споредено со периодот пред почетокот на пандемијата, но, сепак, промените кај мажите се помалку изразени споредено со порастот на времето посветено на овие активности кај жените (UN Women, 2020).

Изразената родова нееднаквост во поделбата на неплатениот труд ги ограничува расположливото време и можноста на жените да работат платена работа (види домен Работа) и да остварат финансиска сигурност и економска независност, ја ограничува можноста за учество на жените во јавниот живот, го ограничува нивното време за одмор и за други општествени и волонтерски активности. Политиките што придонесуваат за поголема еднаквост во распределбата на неплатената домашна работа и грижата за децата опфаќаат родово сензитивно образование од рана возраст, континуиран пораст на јавните инвестиции во нови градинки и сервиси за нега на возрасни лица, како и политика на споделено родителско отсуство што, покрај мајчинското, опфаќа и задолжително татково отсуство.

# 7. Домен Моќ




Доменот Моќ ги мери родовите нееднаквости во партиципацијата во политичките, економските и општествените структури на моќ. Нееднаквата дистрибуција на моќ помеѓу жените и мажите влијае врз системските бариери, дискриминацијата и родовите нееднаквости во сите општествени сфери. Индексот на родова еднаквост во доменот Моќ се мери преку трите поддомени политичка, економска и општествена моќ што ги рефлектираат односите на моќ во клучните домени на јавната сфера.

Поддоменот Политичка моќ се мери преку индикаторите за застапеност на жените и мажите на министерски позиции како членови на Владата (извршна власт), нивна застапеност во Парламентот (законодавна власт), како и нивното учество во локалната власт (градоначалнички/ци и советнички/ци во локалните совети). Структурите на извршната, законодавната и локалната власт се домени на политичката моќ (поврзани и со распределбата на економските ресурси), каде што се креираат и носат одлуки за политики што влијаат врз секојдневниот живот на сите луѓе во земјата во секоја сфера од живеењето.

Поддоменот Економска моќ ги мери родовите нееднаквости во управувањето со економските ресурси преку индикаторите за застапеност на жените и мажите на управувачки позиции во највисоко котираните компании во земјата и во управувачката структура на Централната банка (Народна банка на Република Северна Македонија).

Третиот поддомен, Општествена моќ, ги мери нееднаквостите преку индикаторите за застапеност во управните органи на институциите за финансирање на истражувањето, националните радиодифузни организации и националните олимписки спортски организации.

## 7.1. Статус и промени

**Графикон 18: Индекс на родова еднаквост во доменот Моќ и поддомените, Северна Македонија 2015 - 2019**




Доменот Моќ бележи најголем пораст во резултатот споредено со 2015 година. Сумарниот резултат на доменот е зголемен за 6 поени и овој раст се должи на порастот на резултатите на Индексот кај сите поддомени (графикон 18). Сепак, покрај напредокот во овој домен, по доменот Време, доменот Моќ е втора област во која земјата бележи најниски резултати, односно највисока родова нееднаквост. На ниво на ЕУ (ЕУ-27), пак, најголема родова нееднаквост се забележува токму во доменот Моќ.

Најголем раст на резултатот има кај поддоменот Политичка моќ (+6,7 поени), потоа следува Економска моќ со раст од 6,5 поени споредено со 2015 година и поддоменот Општествена моќ каде што има напредок од 4 поени споредено со претходното мерење. Порастот на Индексот во доменот и поддомените е резултат на подобрувањето кај речиси сите индикатори за политичката, економската и општествената моќ. Но споредено со 2015 година, постои пад на индикаторот за учеството на жените во управни одбори, надзорни одбори или одбори на директор/ки на највисоко котираните компании на берзата.

Вредностите на Индексот во овој домен се пресметани со користење на податоците од базата на податоци за родова статистика на Европскиот институт за родова еднаквост – Жените и мажите во процесот на донесување одлуки (ЕИГЕ, 2022). Порастот на вредноста на Индексот во поддоменот Политичка моќ е резултат на одреден пораст на учеството на жените во извршната власт (министерски позиции во Владата), во Парламентот, како и во локалната власт споредено со 2015 година (табела 15). Најмал родов јаз постои кај индикаторот за учество на жените во Парламентот, односно каде што постои законски утврдена квота за учество. Најголем јаз, пак, има во извршната власт, односно на министерските позиции, каде што жените се застапени во многу мал број (табела 15).

Со претходното мерење се потврдува дека отсуството на квоти за учество во сите структури на власт влијае врз драстично помалото учество на жените во извршната и локалната власт и диспропорционалната дистрибуција на политичката моќ во корист на мажите. Иако има одреден пораст на застапеноста на жените на различни нивоа на власт, сепак тој не е доволен и не е во согласност со стратегиската „Заложба 50-50" за еднакво политичко учество на жените и мажите на сите нивоа на политичката власт (Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027, Службен весник на РСМ, бр. 170/2022). Оттука, родовите нееднаквости остануваат исклучително високи и укажуваат на потребата од сериозна посветеност на надминувањето на нееднаквоста во застапеноста во структурите на извршната, законодавната и локалната власт и целокупното влијание на жените во политичкиот живот.

**Табела 15: Индикатори во поддомен Политичка моќ**

| **Учество на министерски позиции (%)** | | |
|---|---|---|
| Година | Жени | Мажи |
| 2014-2015-2016 (просек) | 11,5 | 88,5 |
| 2018-2019-2020 (просек) | 14,7 | 85,3 |
| **Учество во Парламентот (%)** | | |
| Година | Жени | Мажи |
| 2014-2015-2016 (просек) | 34,8 | 65,2 |
| 2018-2019-2020 (просек) | 38,3 | 61,7 |
| **Учество во локалната власт (%)** | | |
| Година | Жени | Мажи |
| 2014-2015-2016 (просек) | 28,8 | 71,2 |
| 2018-2020 (просек) | 32,4 | 67,6 |

Кај поддоменот Економска моќ, индикаторите покажуваат намалување на учеството на жените во управните тела и одборите на највисоко котираните компании во земјата споредено со 2015 година, но и пораст на учеството на жените во управните органи на Народната банка (Централната банка) (табела 16). Падот на учеството на жените во управните тела и одбори е загрижувачки тренд. Овој негативен тренд е неконзистентен не само со националните стратегиски цели и заложби во областа (Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027, Службен весник на РСМ, бр. 170/2022), туку и со агендата за родова еднаквост на ЕУ, која е релевантна за Северна Македонија како земја кандидатка за членство во Унијата. Имено, неодамна усвоената Директива на ЕУ 2022/2381[8] за подобрување на родовата еднаквост во управните структури на компаниите што котираат на берзите утврдува минимум квота од 40 % застапеност на позициите во бордовите резервирани за помалку застапениот род (Службен весник на Европската Унија, 2022).

**Табела 16: Индикатори во поддомен Економска моќ**

| Учество во управни одбори, надзорни одбори или одбори на директор/ки во највисоко котираните компании (%) | | |
|---|---|---|
| Година | Жени | Мажи |
| 2014-2015-2016 (просек) | 20,5 | 79,5 |
| 2018-2019-2020 (просек) | 19,1 | 80,9 |
| **Учество во управните органи на централната банка (%)** | | |
| Година | Жени | Мажи |
| 2014-2015-2016 (просек) | 24,0 | 76,0 |
| 2018-2019-2020 (просек) | 32,0 | 68,0 |

Индикаторите во поддоменот Општествена моќ покажуваат мала промена во учеството на жените во управните органи на институциите за финансирање на истражувањето, кај олимписките спортски организации има незначителна промена, додека кај индикаторот за учество во управните органи на националните радиодифузни организации нема промена со последното мерење (табела 17). Ова е поддоменот каде што се бележи најмал напредок споредено со 2015 година и има потреба од значително подобрување на нееднаквоста во репрезентативноста во управните органи, особено во институциите поврзани со секторот спорт, каде што има највисоки родови разлики, односно ниска застапеност на жените.

**Табела 17: Индикатори во поддомен Општествена моќ**

| Учество во управните органи на институциите за финансирање на истражувањето (%) | | |
|---|---|---|
| Година | Жени | Мажи |
| 2016 | 42,9 | 57,1 |
| 2019 | 51,9 | 48,1 |
| **Учество во управните органи на националните радиодифузни организации (%)** | | |
| Година | Жени | Мажи |
| 2015-2016-2017 (просек) | 46,2 | 53,8 |
| 2018-2019-2020 (просек) | 46,2 | 53,8 |
| **Учество во управните органи на националните олимписки спортски организации (%)** | | |
| Година | Жени | Мажи |
| 2015 | 8,9 | 91,1 |
| 2018-2019-2020 (просек) | 9,2 | 90,8 |

## 7.2. Промени споредено со ЕУ (2019)

**Графикон 19: Индекс на родова еднаквост во доменот Моќ и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019**




[8] Директива на ЕУ 2022/2381 за подобрување на родовиот баланс помеѓу директор(к)ите на компаниите што котираат на берзите (Службен весник на Европската Унија, 2022)

Како и во претходното мерење на Индексот (2019 година), земјата повторно забележува подобри резултати во доменот Моќ во споредба со просекот на ЕУ. Резултатот во доменот Моќ на земјата е 3,6 поени повисок споредено со просекот на земјите членки на ЕУ. Земјата има повисоки резултати од просекот на ЕУ кај поддоменот Економска моќ (+2,3 поени) и особено кај поддоменот Општествена моќ (+11 поени), но заостанува во поддоменот Политичка моќ (- 1,7 поени) (графикон 19).

Споредено со земјите членки на ЕУ, Северна Македонија е на десетто место, над просекот на ЕУ и веднаш под Бугарија и над Ирска (графикон 20). Најдобро рангирана земја во рамките на ЕУ повторно е Шведска, зад која Северна Македонија заостанува 25,9 поени, додека најниско рангирана земја со највисоки родови нееднаквости во овој домен е Унгарија, со 35,7 поени под сумарниот резултат на Северна Македонија.

Ова е единствен домен каде што земјата го надминува европскиот просек, но подобрите резултати не означуваат помали родови нееднаквости во овој домен, туку исклучително високи родови нееднаквости во доменот Моќ кај мнозинството земји членки на ЕУ, каде што мажите, како и на светско ниво, доминираат на највисоките одлучувачки позиции и структури на власт.

**Графикон 20: Индекс на родова еднаквост во доменот Моќ, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017)**




Споредено со земјите од регионот, Северна Македонија има повисоки резултати во доменот од Албанија, Србија и Црна Гора (графикон 20). Иако мерењата на Индексот со земјите во регионот не се однесуваат на исти години, сепак се индикативни и во релативно близок временски период што дава можност за споредба на состојбата со родовите нееднаквости во овој домен со соседните земји. Албанија има повисоки вредности во поддомените Политичка моќ (71,7 поени наспроти 56,8 поени) и Економска моќ (74,5 поени наспроти 51,1 поен), додека во доменот Општествена моќ има понизок резултат (42,3 поени наспроти 69,2 поена). Споредено со Србија, Северна Македонија има подобри резултати во поддомените Економска моќ (51,1 поен Северна Македонија; 43 поени Србија) и Општествена моќ (69,2 поена Северна Македонија; 38,5 поени Србија), додека резултатот за Политичка моќ покажува помали родови нееднаквости во Србија (56,8 поени Северна Македонија; 60,7 поени Србија).

# 8. Домен Здравје




Доменот Здравје ги мери родовите нееднаквости во пристапот до здравствени услуги, разликите во здравствените навики, очекуваниот животен век, како и индивидуалните перцепции за здравствената состојба. Доменот се состои од три поддомени: Здравствен статус, Здрави навики и Пристап до здравствени услуги.

Првиот поддомен се мери преку индикаторите за личните перцепции за здравствената состојба, очекуваното траење на животниот век, како и очекуваните години на живот во добро здравје.

Вториот поддомен се следи преку индикаторот за навики за пушење цигари и консумирање алкохол, како и индикаторот за практикување физичка активност и здрава исхрана.

Последниот поддомен го мери пристапот до здравствена заштита за жените и мажите преку индикаторите за реализирани потреби за медицински и стоматолошки преглед, дијагностика и терапија. Важно е да се напомене дека мерењето се заснова врз општи индикатори што не навлегуваат во специфичните потреби за различни здравствени услуги на жените и мажите..

## 8.1 Статус и промени

**Графикон 21: Индекс на родова еднаквост во доменот Здравје и поддомените, Северна Македонија 2015 - 2019**



Доменот Здравје нема значајни поместувања споредено со 2015 година, со оглед на тоа што има пораст на резултатот на Индексот за минимален 0,1 поен. Покрај минималниот пораст во поддоменот Пристап (0,7 поени), придонес во речиси стагнантниот резултат во доменот има намалувањето на резултатот на поддоменот Статус (-0,3 поени) и недостигот на нови податоци кај поддоменот Навики (податоците се исти со претходното мерење од 2015 година) (графикон 21).

Кај поддоменот Статус има негативни промени кај два индикатора споредено со 2015 година, во индивидуалните перцепции за општата здравствена состојба и процената за очекувани години на здрав живот кај жените и мажите (табела 18). Помал процент жени ја оценуваат својата општа здравствена состојба како добра или многу добра споредено со мажите и оваа разлика е зголемена во 2019 година (табела 18). Кај процената за очекувани години на здрав живот има влошување кај индикаторот за жените, додека кај мажите има одреден пораст споредено со 2015 година, а тоа, пак, влијае врз намалувањето на родовиот јаз во 2019 година во полза на мажите. Индикаторот што го мери очекуваното времетраење на животот покажува одреден раст и кај жените и кај мажите споредено со 2015 година (од приближно една година), но, како и на глобално ниво, очекуваниот животен век кај жените е повисок. Споредено со земјите од ЕУ и регионот, Северна Македонија има едни од најниските вредности за очекуваното времетраење на животниот век и блиску е до земјите од регионот (Србија, Албанија и Црна Гора), како и членките на ЕУ - Бугарија, Романија и Унгарија.

**Табела 18: Индикатори во поддоменот Статус**

| Лично согледување за општата здравствена состојба; добра или многу добра (%, население 16+) | | | |
|---|---|---|---|
| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
| 2015 | 74,4 | 79,8 | -5,4 |
| 2019 | 71,7 | 77,6 | -5,9 |
| **Очекувано траење на живот (во години)** | | | |
| Година | Жени | Мажи | Родов јаз |
| 2014 | 77,4 | 73,5 | 3,9 |
| 2019 | 78,6 | 74,7 | 3,9 |
| **Очекувани години на здрав живот (во години)** | | | |
| Година | Жени | Мажи | Родов јаз |
| 2015 | 66,5 | 65,4 | 1,1 |
| 2019 | 65,4 | 65,8 | -0,4 |

Во вториот поддомен нема обновување на податоците од последното мерење за 2015 година и не може да се мониторираат промените кај индикаторите за навиките за пушење цигари и консумирање алкохол, здрава исхрана и физичка активност. Податоците од последните мерења покажуваат дека жените, во просек, имаат подобри здравствени навики споредено со мажите, односно има помал број жени што пушат цигари и прекумерно консумираат алкохол, а исто така имаат и подобри навики во однос на физичката активност и исхраната (табела 19).

**Табела 19: Индикатори во поддоменот Навики**

| Лица што не пушат и не консумираат прекумерно алкохол (%, население 16+) | | | |
|---|---|---|---|
| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
| 2014 | 73,4 | 36,2 | 37,2 |
| **Лица што физички се активни барем 150 минути неделно и/или дневно консумираат пет порции овошје и зеленчук (%, население 16+)** | | | |
| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
| 2014 | 63,4 | 53,3 | 10,1 |

Последниот поддомен што ги мери родовите нееднаквости во пристапот до здравствена заштита и услуги покажува дека има одредено подобрување кај жените во пристапот до медицински прегледи и лекување споредено со 2015 година и губење на разликата во пристапот до медицински услуги. Во однос на пристапот до стоматолошки прегледи нема промени кај жените и останува малата разлика во споредба со мажите. Во овој поддомен резултатите покажуваат најниски родови нееднаквости споредено со други домени и поддомени на Индексот.

**Табела 20: Индикатори во поддоменот Пристап**

| Лица без незадоволена потреба за медицински преглед или лекување (%, население) | | | |
|---|---|---|---|
| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
| 2015 | 93,1 | 94,7 | -1,6 |
| 2019 | 95,1 | 95,1 | 0 |
| **Лица без незадоволена потреба за стоматолошки преглед или лекување (%, население)** | | | |
| Година | Жени | Мажи | Родов јаз (п.п.) |
| 2015 | 96 | 95,7 | 0,3 |
| 2019 | 96 | 95,6 | 0,4 |

## 8.2. Промени споредено со ЕУ (2019)

**Графикон 22: Индекс на родова еднаквост во доменот Здравје и поддомените, Северна Македонија и ЕУ, 2019**




Сумарниот резултат на доменот Здравје е понизок за 0,6 поени од просекот на ЕУ. Најголема разлика има во поддоменот Навики каде што земјата заостанува за 2 поена од просекот на ЕУ, но остварува подобар резултат споредено со просекот на ЕУ во поддоменот Статус (0,9 поени повеќе)(графикон 22).

Споредено со резултатите на земјите членки на ЕУ и земјите во регионот на Западен Балкан, Северна Македонија се рангира на петнаесеттото место, веднаш зад Франција и над Црна Гора и Унгарија (графикон 23). Земјата остварува повисок резултат во доменот Здравје споредено со последните мерење на земјите во регионот, повисок за 0,3 поени од резултатот на Црна Гора, 3,1 поен над Србија и 5,4 поени над сумарниот резултат во доменот на Албанија.

**Графикон 23: Индекс на родова еднаквост во доменот Здравје, Северна Македонија (2019), земји членки на ЕУ (2019), Албанија (2017), Србија (2018) и Црна Гора (2017)**




Иако ова е втор домен со најмали разлики споредено со просекот на ЕУ (по доменот Знаење), сепак, земјата заостанува зад просекот на ЕУ и е за 7,4 поени зад најдобро рангираната земја во доменот - Шведска. Потребни се подобрувања на родовите нееднаквости особено во поддомените Здравствени навики и Здравствен статус, додека во поддоменот Навики потребни се нови мерење и нови податоци за сеопфатно и редовно мониторирање на промените. Важно е да се истакне дека овој домен не може целосно да ги опфати сите релевантни нееднаквости во здравството, особено оние што се поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје и специфичните здравствени услуги неопходни за жените. Особено недостига увид во пристапот и незадоволените потреби за медицинска грижа за ранливите и маргинализираните групи луѓе што често се соочуваат со интерсекциска дискриминација при пристапот до здравствени услуги. Затоа е важно да се посочат постојни познати случаи на интерсекциска дискриминација, како што се случаите на дискриминација во пристапот до гинеколошки услуги за Ромките во земјата (ЦЕДАВ, 2020), како и неодамнешните наоди што покажуваат значајно повисоко ниво на незадоволени потреби за медицински прегледи кај Ромите, кои ги наведуваат високите финансиските трошоци и немањето здравствено осигурување како дел од главните причини за ограничен пристап до здравствени услуги (Robayo-Abril and Millan, 2019).

# 9. Домен Насилство




Доменот Насилство е втор придружен (сателитски) домен. Концептуално се заснова врз родовото насилството извршено врз жените, како и влијанието на ставовите, нормите и стереотипите во општеството поврзани со насилството и еднаквоста. Го мери насилството врз жените, пред сѐ, поради фактот дека жените се најбројни жртви на родово базираното насилство на глобално ниво и во најчести случаи тоа е извршено од мажи. Доменот се мери преку составните поддомени Распространетост на насилството, Суровост (степенот на здравствени и животни последици по жртвата на насилство) и Пријавување насилство во институциите и/или на други лица (ЕИГЕ, 2017c). Методологијата за пресметка на доменот Насилство на ЕИГЕ е развиена врз основа на методологијата на анкетата за насилството врз жените на Агенцијата за фундаментални права на Европската Унија (ФРА) (FRA, 2014).

Овој домен концептуално се разликува од другите домени бидејќи не ги мери родовите разлики, туку степенот на насилство кај жените. Оттука, крајна цел не е намалувањето на родовите нееднаквости, туку искоренувањето на насилството. Како придружен домен не е вклучен во пресметката на вредноста на Индексот на родова еднаквост.

## 9.1. Статус

Северна Македонија сѐ уште нема достапни податоци со кои би можело да се пресмета композитниот индикатор за доменот Насилство, иако е важно да се напомене дека во изминатиот период Државниот завод за статистика направи значен чекор на овој план. Во периодот август - септември 2022 година Државниот завод за статистика ја спроведе првата национална анкета за родово базирано насилство со примена на методологијата на Евростат, со финансиска поддршка од ИПА-фондовите (инструмент за претпристапна помош на Европската Унија). Анкетата ќе се спроведува на секои пет години и дел е од тековната Програма за статистичко истражување 2023 - 2027 година на Државниот завод за статистика. Следната национална анкета за родово базирано насилство е планирана за 2027 година. Европскиот институт за родова еднаквост ќе ги користи податоците од анкетата за родово базирано насилство на ниво на ЕУ за да го пресмета доменот Насилство и да ја процени распространетоста на различните форми на насилство врз жените и девојчињата во земјите членки на ЕУ. Пресметката на доменот Насилство со примена на методологијата на ЕИГЕ ќе биде возможна и во Северна Македо-

нија преку користење на националните компаративни податоци за земјата што ќе произлезат од анкетата за родово базирано насилство спроведена од ДЗС.

При недостиг на национално достапни податоци, во овој извештај се сумирани дел од резултатите од истражувањето за насилството врз жените во Северна Македонија спроведено од Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2019 година (OSCE, 2019). Претставените податоци, пред сè, се однесуваат на распространетоста на насилството врз жените во земјата и се совпаѓаат со индикаторите во поддоменот Распространетост (табела 21).

**Табела 21: Распространетост на насилството врз жените во Северна Македонија, 2019 година (%)**

<table>
<tr><td>Претрпено психолошко, физичко и/или сексуално насилство од кој било сторител (интимен партнер или не)</td><td>од 15-годишна возраст</td><td>44%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Претрпено физичко и/или сексуално насилство извршено од кој било сторител (интимен партнер или не)</td><td>од 15-годишна возраст</td><td>14%</td></tr>
<tr><td>во последните 12 месеци</td><td>4%</td></tr>
<tr><td rowspan="4">Претрпено насилство извршено од сторител што не е интимен партнер</td><td rowspan="2">од 15-годишна возраст</td><td>Физичко: 6 %</td></tr>
<tr><td>Сексуално: 2 %</td></tr>
<tr><td rowspan="2">во последните 12 месеци</td><td>Физичко: 2%</td></tr>
<tr><td>Сексуално: 0.1%</td></tr>
<tr><td rowspan="6">Насилство извршено од интимен партнер (сегашен или поранешен)</td><td rowspan="3">од 15-годишна возраст</td><td>Физичко: 9%</td></tr>
<tr><td>Сексуално: 3%</td></tr>
<tr><td>Психолошко: 44%</td></tr>
<tr><td rowspan="3">во последните 12 месеци</td><td>Физичко: 3%</td></tr>
<tr><td>Сексуално: 1%</td></tr>
<tr><td>Психолошко: 12%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Сексуално вознемирување</td><td>од 15-годишна возраст</td><td>30%</td></tr>
<tr><td>во последните 12 месеци</td><td>10%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Следење/демнење</td><td>од 15-годишна возраст</td><td>7%</td></tr>
<tr><td>во последните 12 месеци</td><td>2%</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Претрпено некаква форма на родово базирано насилство</td><td>од 15-годишна возраст</td><td>54%</td></tr>
<tr><td>во последните 12 месеци</td><td>20%</td></tr>
<tr><td rowspan="3">Насилство во детството (физичко, сексуално, психолошко)</td><td rowspan="3">до 15-годишна возраст</td><td>Физичко: 7%</td></tr>
<tr><td>Сексуално: 1%</td></tr>
<tr><td>Психолошко: 3%</td></tr>
</table>

*Извор:* OSCE, 2019

Истражувањето за благосостојбата и безбедноста на жените во Северна Македонија покажува дека насилството врз жените е многу распространето и повеќе од половина од жените (54 проценти) имаат претрпено некаква форма на насилство од својата 15-годишна возраст (OSCE, 2019). Близу половина од жените (44 проценти) биле жртви на психолошко, физичко и/или сексуално насилство од својата 15-годишна возраст, додека 14 проценти биле жртви на физичко и/или сексуално насилство. Состојбата на ниво на ЕУ (ЕУ-28) покажува повисока распространетост на физичкото и сексуалното насилство, односно 33 проценти од жените претрпеле таков вид родово базирано насилство од својата 15-годишна возраст.

Но исклучително е важно да се напомене дека во споредба со ЕУ разликите треба да се читаат преку социјалниот контекст во земјата наспроти земјите на ЕУ. Имено, во земјите каде што има подолготрајни практики и политики за унапредување на родовата еднаквост, широка информираност и функционален систем за превенирање и заштита од насилството врз жените (скандинавските земји и поголем дел од земјите во Западна Европа), таму има и поголем степен на препознавање и пријавување на насилството (ОБСЕ, 2019). Оттука, стапките на пријавување и регистрирање на насилството често се и повисоки кај овие земји споредено со средините каде што насилството врз жените често се смета за приватна работа што треба да остане во рамките на домот, каде што стигмата за жените жртви на насилство е висока, постои високо ниво на нормализирање на насилството и има слаби институционални механизми за превенција и заштита на жртвите, како што е случајот во Северна Македонија (ОБСЕ, 2019).

Исто така, истражувањето покажува дека ризикот за насилство кај жените најчесто доаѓа од интимниот партнер и дури 44 проценти од жените претрпеле психолошко насилство, 9 проценти претрпеле физичко, додека 3 проценти претрпеле сексуално насилство од интимниот партнер од својата 15-годишна возраст (табела 21). Особено распространето е физичкото и сексуалното насилство од интимниот партнер кај жените што живеат во домаќинства со економски и финансиски тешкотии (ОБСЕ, 2019).

Една од честите форми на насилство во земјата е сексуалното вознемирување. Високи 30 проценти од жените во земјата претрпеле сексуално вознемирување од својата 15-годишна возраст, а 10 проценти во последните 12 месеци во периодот на спроведувањето на истражувањето (табела 21). Помладите и жените со повисок степен на образование, кои живеат во урбани средини, во просек, повеќе пријавиле изложување на сексуално вознемирување, а тоа, пак, истовремено укажува и на поголема информираност и препознавање на насилството кај овие групи жени (ОБСЕ, 2019).

Наодите од истражувањето посочуваат на висока застапеност на традиционалните родови норми во општеството, односно поимањето на улогата на жената во општеството и домот. Висок процент на жени (37 проценти) сметаат дека нивната блиска средина одобрува покорување на жената на сопругот (вклучително и присилно), 32 процента од жените сметаат дека е важно мажот да ја покаже својата доминација над својата сопруга, додека 30 проценти од жените сметаат дека жртвите на насилство ги измислуваат или преувеличуваат наодите за насилство и силување (ОБСЕ, 2019). Токму овој општествен контекст во кој сè уште има висок степен на прифаќање и нормализирање на традиционалните родови улоги во општеството, за жал, претставува еден од значајните фактори што овозможуваат и придонесуваат кон широката распространетост и нормализирање на насилството што останува во голема мера непрепознаено, непријавено и нецелосно санкционирано од надлежните институции.

Покрај наодите од достапните истражувања, во изминатиот период имаше неколку алармантни случаи на родово базирано насилство извршено со посредство на технологија (кибернасилство или дигитално насилство). Станува збор за родово базирано насилство што се јавува или се амплифицира во дигиталната средина и онлајн просторот (на интернет), но продолжува да се одразува на жртвите и во физичкиот (офлајн) простор (ЕИГЕ, 2017). Еден од најпознатите неодамнешни случаи на масовно онлајн сексуално вознемирување, познат како случај „Јавна соба“ (Телеграм канал), иницијално беше откриен во јануари 2020 година. Членовите на групата „Јавна соба“ без дозвола споделувале експлицитни фотографии и видеа од жени, девојки и малолетни девојчиња, исто така, споделувајќи нивни приватни информации (телефонски броеви, адреси, профили на социјалните мрежи итн.), што резултираше со сексуално вознемирување на жени и девојки од големи размери во онлајн (и офлајн) просторот (BIRN, 2021; Global Voices, 2022). Случајот доби големо внимание во јавноста во јануари 2021 година по јавното обелоденување на претрпеното насилство на една од жртвите во случајот. По силната реакција во јавноста на феминистичките организации, активистки и други релевантни актери, беше поведена истрага од надлежните институции и неколкумина од осомничените (креаторите и администраторите на групата) добија обвиненија за производство и дистрибуција на детска порнографија, но не беа поднесени дополнителни обвиненија за сексуално вознемирување и злоупотреба на личните податоци на жртвите.

Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24/2021) и неодамнешните измени на Кривичниот законик (Службен весник на РСМ, бр. 36/2023) пропишуваат посебни одредби за сексуално вознемирување што ги опфаќа и онлајн формите на сексуално вознемирување и демнење. Во периодот што претстои од исклучителна важност е надлежните институции целосно и доследно да ја применуваат постојната законска регулатива, со цел да ги заштитат и поддржат жртвите на родово базирано насилство, но и посветено да се работи на превенцијата и заштитата од сите форми на насилство врз жените и девојчињата и родово базираното насилство како што е пропишано во правната рамка и во стратегиските документи од областа на земјата.

# 10. Сумарни заклучоци

Индексот на родова еднаквост во Северна Македонија во 2022 година изнесува 64,5 поени од максимални 100 и забележува прогрес од 2,5 поени споредено со последното мерење во 2019 година. Сепак, станува збор за бавен прогрес што доколку продолжи со ова темпо ќе бидат потребни приближно 57 години за да се постигне родова еднаквост во домените на мерење на Индексот.

Прогрес се забележува кај домените Работа, Пари, Знаење и Моќ што е резултат на порастот на стапките на вработеност кај жените, подобрување на пристапот до финансиски ресурси (пораст на просечната месечна заработувачка и пораст на просечниот еквивалентен нето-приход), пораст на процентот на лица со завршено високо образование и подобрување на индикаторите кај политичката, економската и општествената моќ. Нема промени кај доменот Време поради недостигот на нови податоци (иста е состојбата и во ЕУ и во земјите од регионот) и кај доменот Здравје каде што има недостиг на нови податоци во поддоменот Навики и промената на резултатот на Индексот е незначителна (+ 0,1 поен).

Споредено со последните мерења во земјите од регионот на Западен Балкан што го публикуваат Индексот, земјата има повисок резултат од сите три земји –Албанија со 60,4 поени (2020 година), Србија со 58 поени (2021 година) и Црна Гора со 55 поени (2019 година). Споредено со ЕУ, пак, исто како и во претходното мерење, земјата се позиционира зад просекот на земјите членки на ЕУ, но разликата е намалена (4,2 поени во 2019 година; 3,5 поени во 2022). Постојното мерење покажува дека земјата се движи напред со приближно бавно темпо како и ЕУ, што укажува на потребата од значајно подобрување на политиките, практиката и посветеноста кон родовата еднаквост во земјата во периодот што претстои.

Сите домени на Индексот покажуваат потреба од значајно подобрување и покрај напредокот што е постигнат од последното мерење. Родовиот јаз кај доменот Знаење, споредено со другите пет домени на Индексот, е единствен каде што родовата нееднаквост е резултат на помалку поволната состојба на мажите споредено со жените (особено изразено во поддоменот Завршено образование и учество). Родовата нееднаквост во доменот Работа покажува дека жените се соочуваат со значајни бариери во пристапот до пазарот на труд и затоа имаат пониски стапки на активност и на вработеност и во просек почесто од мажите работат како неплатени семејни работнички. Следствено на тоа, доменот Пари покажува дека жените во Северна Македонија во просек заработуваат помалку и се во повисок ризик од сиромаштија споредено со мажите. Индикаторите во доменот Време покажуваат дека жените се тие што во најголема мера ја извршуваат неплатената работа во домот и грижата за децата, без разлика на нивниот статус на вработеност. Изразената родова нееднаквост во поделбата на неплатениот труд ги ограничува расположливото време и можноста на жените да работат платена работа и да остварат финансиска сигурност и економска независност, ја ограничува можноста за учество на жените во јавниот живот, го ограничува нивното време за одмор и за други општествени и волонтерски активности.

Порастот на резултатот на Индексот во доменот Моќ е резултат на подобрувањето на речиси сите индикатори во поддомените на политичка, економска и социјална моќ. Сепак, споредено со претходното мерење на Индексот од 2019 година, постои и намалување на индикаторот за учество на жените во управни одбори, надзорни одбори или одбори на директор/ки во највисоко котираните компании на берзата во поддоменот на економска моќ. По доменот Време, доменот Моќ е втора област во која земјата бележи најниски резултати, односно највисока родова нееднаквост. Од претходното мерење на Индексот се потврдува дека отсуството на квоти за учество во сите структури на власт влијае врз драстично помалото учество на жените во извршната и локалната власт и диспропорционалната дистрибуција на политичка, економска и општествена моќ во корист на мажите.

Доменот Здравје има највисок резултат на родова еднаквост споредено со другите домени на Индексот. Сепак, доменот не може целосно да ги долови сите релевантни нивоа на нееднаквост во пристапот до здравствени услуги во земјата, особено кога станува збор за здравствените услуги за репродуктивното здравје на жените. Недостига увид во пристапот и незадоволените потреби за медицинска грижа на ранливите и маргинализираните групи (на пример, жени со попреченост, Ромки, транс жени и др.), кои често се соочуваат со интерсекциска дискриминација во пристапот до здравствени услуги, а на тоа укажуваат и постојните случаи на дискриминација на Ромки во пристапот до гинеколошки услуги (ЦЕДАВ Комитет, 2020).

Северна Македонија сè уште нема достапни податоци со кои би можело да се пресмета композитниот индикатор за доменот Насилство. Во отсуство на сеопфатни

податоци на национално ниво, во извештајот е сумиран дел од резултатите од истражувањето за насилството врз жените во Северна Македонија спроведено од Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) во 2019 година (OSCE, 2019). Податоците покажуваат дека насилството врз жените е многу распространето, односно повеќе од половина од жените (54 проценти) имаат претрпено некаква форма на насилство од својата 15-годишна возраст. Во 2022 година (август-септември) Државниот завод за статистика ја спроведе првата анкета за родово базирано насилство со примена на методологијата на Евростат. Анкетата ќе се спроведува на секои пет години, а понатаму податоците ќе може да се користат и за пресметка на доменот Насилство со примена на методологијата на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ).

Од последната публикација на Индексот во 2019 година, земјата помина низ неколку значајни реформи и промени во поглед на политиките и процесите за унапредување на родовата еднаквост, во комплексен контекст на пандемијата со вирусот КОВИД-19, почетокот на руската воена агресија во Украина и засилувањето на антиродовите движења (Wittenius, 2022; Цветковиќ и Величковска, 2022). Прегледот на главните промени во легислативата и политиките во доменот на родовата еднаквост во земјата покажува одредено ниво на напредок во законската и стратегиската рамка за унапредување на родовата еднаквост во земјата. Сепак, значајно е да се напомене дека и покрај напредокот на нормативно ниво, останува предизвик доследната имплементација во практиката.

Во претстојниот период неопходни се унапредувања на политиките со цел да се подобри положбата на жените и со тоа да се намалат значајните родови нееднаквости во домените Работа, Пари, Време и Моќ. Во Стратегијата за родова еднаквост 2022 - 2027 година е пропишана генералната рамка за постапување на релевантните институции за понатамошно дефинирање на специфични политики и мерки за подобрување на економската активност на жените, финансиската сигурност, како и подобрувања во распределбата на неплатената домашна работа и грижата за децата. На пример, дел од очекуваните резултати целат кон пораст на активноста на жените на пазарот на труд со фокус на маргинализираните жени, целат кон намалување на родовиот јаз во платите, намалување на секторската и хиерархиската сегрегација на работното место, како и воспоставување мерки за рамнотежа помеѓу приватниот и работниот живот во согласност со Директивата на ЕУ 2019/1158 за рамнотежа на работниот и приватниот живот, како и родово сензитивни мерки во време на кризни и вонредни состојби (Службен весник на РСМ, бр. 170/2022). Сепак, стратегиските цели во Стратегијата се широко дефинирани и недостигаат специфични таргети и директно надлежни институции по цели, што може да претставува предизвик во планирањето, имплементацијата и мониторирањето на постигнатиот прогрес кон предвидените стратегиски цели.

Потребните реформи за споделено родителско отсуство, еднаква плата за еднаква работа и работа со иста вредност, како и одредбите за рамнотежа на приватниот и работниот живот, сè уште се неизвесни поради тековниот процес на подготовка на новиот Закон за работни односи.

Во однос на доменот Моќ, Стратегијата за родова еднаквост 2022 - 2027 година (Службен весник на РСМ, бр. 170/2022) ја нагласува стратегиската заложба 50:50 за еднакво учество на жените во донесувањето одлуки на сите нивоа на управување, сепак, потребни се дополнителни мерки (како што се квотите) за да се осигури зголемена застапеност и учество на жените во извршната и локалната власт. Исто така, како кандидатка за членство во ЕУ, Северна Македонија треба да ги следи одредбите на неодамна усвоената Директива на ЕУ 2022/2381 за подобрување на родовата еднаквост во управните структури на компаниите што котираат на берзите, преку утврдување минимум квота од 40 % застапеност на позициите во бордовите резервирани за помалку застапениот род.[9]

Унапредувањата на политиките и законската рамка на земјата во согласност со Истанбулската конвенција го овозможија пропишувањето на неопходни стандарди за заштита, превенција, постапување и елиминирање на формите на насилство врз жените и девојчињата. Сепак, прогресот зависи од доследната и ефективната примена на пропишаните законски одредби од сите надлежни институции, придружени со неопходни буџетски средства за имплементација, како и континуиран мониторинг и евалуација на прогресот.

9 Директива на ЕУ 2022/2381 за подобрување на родовиот баланс помеѓу директор(к)ите на компаниите што котираат на берзите (Службениот весник на Европската Унија, 2022)

# Анекс 1

## Пресметка на Индексот за родова еднаквост по домени и поддомени

### 1. РАБОТА (домен)

| УЧЕСТВО (поддомен): Еквивалент на полното работно време, стапка на вработеност (население 15+) | |
|---|---|
| Индикатор | Еквивалент на полното работно време, стапка на вработеност (население 15+)<br>Опис: Единица за мерење на вработените лица на начин што ги прави споредливи, иако работат различен број часови неделно. Се добива со споредување на просечниот број работни часови на секој вработен со просечниот број работни часови на вработен со полно работно време. Значи, вработен со полно работно време се смета за една единица, додека вработените со скратено работно време добиваат коефициент во зависност од бројот на работни часови. На пример, вработен со скратено работно време што работи 20 часа неделно, кога вработениот со полно работно време работи 40 часа неделно, добива коефициент 0,5. |
| Извор | Анкета за работна сила, дополнителни пресметки на ДЗС |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 32,5 | 49,0 | 40,8 |
| 2019 | 35,9 | 54,2 | 45,0 |

| УЧЕСТВО (поддомен): Времетраење на работниот живот | |
|---|---|
| Индикатор | Времетраење на работниот живот (години)<br>Опис: Времетраењето на работниот живот е мерка за тоа колку години се очекува да бидат активни на пазарот на трудот во текот на својот живот лица на возраст од 15 години. Овој индикатор се пресметува со модел на веројатност комбинирајќи ги демографските податоци (Животни таблици) и податоците од пазарот на трудот (стапки на активност по возрасни групи од Анкетата за работна сила). |
| Извор | Животни таблици и Анкета за работна сила, индикаторот веќе е пресметан и објавен на веб-страницата на Евростат, табела „Времетраење на работниот живот [lfsi_dwl_a]“; *http://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?dataset=lfsi_dwl_a&lang=en* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 25,1 | 36,9 | 31,2 |
| 2019 | 26,4 | 36,8 | 31,7 |

**ПОДЕЛБА/СЕГРЕГАЦИЈА И КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА (поддомен):**
**Вработени во образование, здравство и социјала (население 15+)**

| | |
|---|---|
| Индикатор | Вработени во образование, здравство и социјала (население 15+)<br>Опис: Вработени во сектор образование и сектор здравство и социјала како процент од вкупно вработените лица во сите сектори според НКД Рев.2. |
| Извор | Анкета за работна сила, Евростат табела.<br>*https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/lfsa_egan2/default/table?lang=en* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 19,0 | 5,9 | 11,1 |
| 2019 | 20,0 | 5,7 | 11,5 |

**ПОДЕЛБА/СЕГРЕГАЦИЈА И КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА (поддомен):**
**Можност да сеземе еден или два часа слободни во текот на работното време заради лични или фамилијарни причини (%, население 15+)**

| | |
|---|---|
| Индикатор | Опис: Прашање 43 (во EWCS, 2010), односно прашање 47 (во EWCS, 2015). Дали би кажале дека организирањето да земете еден или два часа слободни во текот на работното време за да завршите некоја лична или семејна работа е… 1. Многу лесно; 2. Донекаде лесно; 3. Донекаде тешко; 4. Многу тешко. Индикаторот претставува процент на лица што одговориле 1. Многу лесно од сите што одговориле на прашањето и избрале модалитет 1, 2, 3 или 4. |
| Извор | Европско истражување за условите за работа (EWCS) 2015,<br>*https://www.eurofound.europa.eu/surveys/european-working-conditions-surveys* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 41,1 | 44,2 | 42,9 |

**ПОДЕЛБА/СЕГРЕГАЦИЈА И КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА (поддомен):**
**Индекс на кариерна перспективност (од 0 до 100 поени)**

| | |
|---|---|
| Индикатор | Опис: Овој индекс е еден од индексите за квалитет на работата развиен од Еурофонд (Eurofound). Во Индексот се комбинираат индикатори за статусот на вработување (самовработен или вработен), тип договор за работа, перцепција на работникот за перспективите за напредување во работата и перцепција за веројатноста за губење на работата. Се мери на скала од 0 до 100 каде што повисоката вредност означува повисок квалитет на работата (кариерна перспектива). Точната методологија може да се добие со барање до Еурофонд. |
| Извор | Европско истражување за условите за работа (EWCS, 2015),<br>*https://www.eurofound.europa.eu/surveys/european-working-conditions-surveys* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 65,9 | 64,5 | 65,1 |

## 2. ПАРИ (домен)

| **ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ (поддомен):<br>Просечна месечна заработувачка - НКД. Рев.2, сектори од Б до О, без сектор Љ (Стандард на куповната моќ)** | |
|---|---|
| Индикатор | Просечна месечна заработувачка - НКД. Рев.2, сектори од Б до О, без сектор Љ (Стандард на куповната моќ)<br>Опис: Просечна месечна заработувачка според Стандардот на куповната моќ во секторите од Б до О, без сектор Љ (сите возрасни групи, вработени што работат во деловни субјекти со 10 или повеќе вработени). |
| Извор | Анкета за структурата на заработувачката, индикаторот е веќе пресметан и објавен на веб-страницата на Евростат. |

| **Година** | **Жени** | **Мажи** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| 2015 | 1003 | 1108 | 1061 |
| 2018 | 1067 | 1275 | 1176 |

| **ФИНАНСИСКИ РЕСУРСИ (поддомен):<br>Просечен еквивалентен нето-приход (Стандард на куповната моќ, население 16+)** | |
|---|---|
| Индикатор | Просечен еквивалентен нето-приход (Стандард на куповната моќ, население 16+)<br>Опис: Еквивалентен расположлив приход, според Стандардот на куповната моќ, е вкупниот приход на домаќинството, по даночните и другите одбитоци, кој е достапен за потрошувачка или штедење, поделен со бројот на членови во домаќинството, претворен во изедначени возрасни лица; членовите на домаќинството се изедначени или направени еквивалентни со пондерирање на секој според возраста, со користење на т.н. модификувана скала на еквивалентност на ОЕЦД. Еквивалентниот расположлив приход се пресметува во три чекори:<br>* Се собираат сите парични приходи добиени од кој било извор од секој член на домаќинството; овде се вклучени приходи од работа, инвестиции и социјални бенефиции, плус кој било друг приход на домаќинството; даноците и социјалните придонеси, кои биле платени, се одземаат од оваа сума;<br>* За да се рефлектираат разликите во големината и составот на домаќинството, вкупниот (нето) приход на домаќинството се дели со бројот на „еквивалент на возрасни лица", со користење стандардна скала за еквивалентност: модификуваната скала на ОЕЦД; оваа скала им дава пондери на сите членови на домаќинството (а потоа ги додава за да дојде до еквивалентната големина на домаќинството): 1,0 на првото возрасно лице; 0,5 за второто и секое наредно лице на возраст од 14 и повеќе години; 0,3 за секое дете на возраст под 14 години.<br>* На крајот добиениот резултат го претставува еквивалентниот расположлив приход и му се припишува подеднакво на секој член на домаќинството. |
| Извор | Анкета за приходи и услови за живеење, индикаторот веќе е пресметан и објавен на веб-страницата на Евростат.<br>*https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/ilc_di03/default/table?lang=en* |

| **Година** | **Жени** | **Мажи** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| 2015 | 5359 | 5434 | 5397 |
| 2019 | 6241 | 6360 | 6300 |

| ЕКОНОМСКА СИТУАЦИЈА (поддомен):<br>Неизложеност на ризик од сиромаштија, ≥60 % од просечниот приход (%, население 16+) | |
|---|---|
| Индикатор | Неизложеност на ризик од сиромаштија, ≥60 % од просечниот приход (%, население 16+)<br>Опис: Индикаторот е пресметан како „100 - стапка на сиромаштија". Стапката на сиромаштија е учеството на лица со еквивалентен расположлив приход (по социјалните трансфери) под прагот на сиромаштија во населението на возраст од 16 и повеќе години. Прагот е еквивалент на 60 % од медијалниот национален еквивалентен приход на лицата што живеат во домаќинствата. |
| Извор | Анкета за приходи и услови за живеење, индикаторот е веќе пресметан и објавен на веб-страницата на Евростат, табела „Стапка на ризик на сиромаштија, по праг на сиромаштија, возраст и пол [ilc_li02]" *https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/ILC_LI02/default/table?lang=en* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 79,9 | 80,1 | 80,0 |
| 2019 | 79,5 | 79,8 | 79,6 |

| ЕКОНОМСКА СИТУАЦИЈА (поддомен):<br>S20/ 80 квинтилен соодност на приходите (%, население 16+) | |
|---|---|
| Индикатор | S20/ 80 квинтилен соодност на приходите (%, население 16+)<br>Опис: Индикаторот е пресметан како 1/„S80 / S20 квинтилен соодност на приходите"*100. Квинтилниот соодност на приходите S80 / S20 е мерка за нееднаква распределба на приходот и претставува соодност помеѓу збирот на највисоките еквивалентни приходи на 20 % од населението (највисок квинтил) со збирот на најниските еквивалентни приходи на 20 % од населението (најнизок квинтил) . |
| Извор | Анкета за приходи и услови за живеење, индикаторот е веќе пресметан и објавен на веб-страницата на Евростат,<br>*http://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?lang=en&dataset=ilc_di11* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 15,2 | 15,2 | 15,2 |
| 2019 | 18,0 | 18,0 | 18,0 |

## 3. ЗНАЕЊЕ (домен)

| Завршено образование и учество (поддомен):<br>Лица со стекнато високо (терцијарно) образование (%, население 15+) | |
|---|---|
| Индикатор | Лица со завршено високо (терцијарно) образование (%, население 15+)<br>Опис: Лица што имаат завршено терцијарно образование (нивоа од 5 до 8 според ISCED) како процент од вкупното население 15+. |
| Извор | Анкета за работна сила 2019, ДЗС |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 17,1 | 15,0 | 16,0 |
| 2019 | 18,5 | 16,8 | 17,6 |

| Завршено образование и учество (поддомен):<br>Лица што учествуваат во формалното или неформалното образование и обука (%, население 15+) | |
|---|---|
| Индикатор | Лица што учествуваат во формалното или неформалното образование и обука (%, население 15+)<br>Опис: Доживотното учење ги опфаќа сите намерни активности на учење, без разлика дали се работи за формално, неформално или информално образование, преземени на континуирана основа, со цел унапредување на знаењето, вештините и компетентноста. Референтен период за учество во образование и обука се изминатите четири недели што му претходат на анкетирањето во Анкетата за работна сила. |
| Извор | Анкета за работна сила 2019, ДЗС |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 12,5 | 12,3 | 12,4 |
| 2019 | 12,1 | 11,7 | 11,9 |

| Завршено образование и учество (поддомен):<br>Студенти во високото (терцијарно) образование во областа образование, здравство и социјала, хуманистички науки и уметности – нивоа од 5 до 8 според ISCED (%, студенти во високото образование) | |
|---|---|
| Индикатор | Студенти во високото (терцијарно) образование во областа образование, здравство и социјала, хуманистички науки и уметности – нивоа од 5 до 8 според ISCED (%, студенти во високото образование)<br>Опис: Индикаторот е пресметан како процент на студенти во високото (терцијарно) образование во областа образование, здравство и социјала, хуманитарни науки и уметности од сите студенти што посетуваат високо (терцијарно) образование. |
| Извор | Статистика на образование, Евростат табела „Студенти вклучени во високо образование, по ниво на образование, програмска ориентација, пол и поле на образование [educ_uoe_enrt03]“, *https://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?dataset=educ_uoe_enrt03&lang=en* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 39,9 | 22,9 | 32,1 |
| 2019 | 45,1 | 26,1 | 36,8 |

## 4. ВРЕМЕ (домен)

| **Активности за грижа (поддомен):<br>Лица што се грижат и кои се вклучени во едукацијата на нивните деца или внуци, возрасни лица или лица со попреченост, секој ден (%, население 18+)** | |
|---|---|
| Индикатор | Процент на лица вклучени во најмалку една од овие активности за грижа во текот на денот што не се резултат на платена работа: грижа за деца, внуци, возрасни и лица со попреченост на кои им е потребна поддршка. Прашање: (општо) Колку често сте вклучени во некоја од следниве активности надвор од вашето платено работно време? 2016 година: Q42a. Грижа за и/или едукација на вашите деца; Q42б. Грижа за и/или едукација на вашите внуци; Q42д. Грижа за лица со попреченост или лица на кои им е потребна поддршка што се дел од вашето семејство, соседи или пријатели на возраст под 75 години; Q42е. Грижа за лица со попреченост или лица на кои им е потребна поддршка што се дел од вашето семејство, соседи или пријатели на возраст од 75 години и повеќе; 2012 година: Q36a. Грижа за вашите деца/внуци; Q36ц. Грижа за возрасни или лица со попреченост што се ваши роднини; 2007 година: Q36ц. Грижа за возрасни или лица со попреченост што се ваши роднини; 2003 година: Q37a. Грижа и едукација на деца; Q37ц. Грижа за возрасни или лица со попреченост што се ваши роднини. |
| Извор | Еурофонд, Европско истражување за квалитет на живеење (EQLS, 2016)<br>*https://www.eurofound.europa.eu/surveys/european-quality-of-life-surveys/european-quality-of-life-survey-2016* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2016 | 39,3 | 29,9 | 34,6 |

| **Активности за грижа (поддомен):<br>Лица вклучени во готвење и/или домашна работа, секој ден (%, население 18+)** | |
|---|---|
| Индикатор | Процент на лица вклучени во готвење и/или домашна работа во текот на денот што не се резултат на платена работа. Прашања: Колку често сте вклучени во некоја од следниве активности надвор од вашето платено работно време? 2016 година: П42ц. Готвење и/или домашна работа; 2012 година П36б. Готвење и/или домашна работа; 2007 година: П36б. Готвење и домашна работа; 2003 година: П37б. Домашна работа. |
| Извор | Еурофонд, Европско истражување за квалитет на живеење (EQLS, 2016)<br>*https://www.eurofound.europa.eu/surveys/european-quality-of-life-surveys/european-quality-of-life-survey-2016* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2016 | 71,1 | 10,4 | 41,0 |

| **Општествени активности (поддомен): Вработени што имаат време за доброволна или добротворна активност, барем еднаш месечно (%, вработени 15+)** | |
|---|---|
| Индикатор | Вработени што имаат време за доброволна или добротворна активност, барем еднаш месечно (%, вработени 15+)<br>Опис: Прашање EF2a (во EWCS, 2010), односно прашање 95а (во EWCS, 2015). Општо земено, колку често се вклучувате во доброволна или добротворна активност надвор од работата? 1. Секој ден; 2. Неколкупати во неделата; 3.Неколкупати во месецот; 4. Поретко; 5. Никогаш. Индикаторот претставува процент на лица што одговориле со модалитетите 1-3 од модалитетите 1-5 во EWCS, 2015, односно (модалитет 1-4 во EWCS, 2010), од сите што одговориле на прашањето (избрале од сите одговори 1-6 во EWCS ,2010). |
| Извор | Еурофонд, Европско истражување за условите за работа (EWCS) 2015, *https://www.eurofound.europa.eu/surveys/european-working-conditions-surveys/sixth-european-working-conditions-survey-2015* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 13,3 | 16,4 | 15,1- |

| **Општествени активности (поддомен): Вработени што имаат време за спортување, културни или забавни активности надвор од својот дом, барем секој ден или неколкупати неделно (%, вработени 15+)** | |
|---|---|
| Индикатор | Вработени што имаат време за спортување, културни или забавни активности надвор од својот дом, барем секој ден или неколкупати неделно (%, вработени 15+)<br>Опис: Прашање EF2g (во EWCS, 2010), односно прашање 95g (во EWCS, 2015). Општо земено, колку често се вклучувате во спортување, културни или забавни активности надвор од својот дом, надвор од работата? 1. Секој ден; 2. Неколку пати во неделата; 3. Неколкупати во месецот; 4. Поретко; 5. Никогаш. Индикаторот претставува процент на лица што одговориле со модалитетите 1 и 2 во EWCS, 2015), од сите што одговориле на прашањето, а (модалитетите 1-5, од 1-6 во EWCS, 2010). |
| Извор | Еурофонд, Европско истражување за условите за работа (EWCS) 2015, *https://www.eurofound.europa.eu/surveys/european-working-conditions-surveys/sixth-european-working-conditions-survey-2015* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 16,6 | 22,9 | 20,2 |

## 5. МОЌ (домен)

| Политичка моќ (поддомен): Учество на министри (%) | |
|---|---|
| Индикатор | Учество на министри (%)<br>Опис: Индикаторот е пресметан како учество на министри во вкупното население во земјата на возраст од 18+. |
| Извор | Податоците се достапни во дата-базата за жените и мажите во процесот на донесување одлуки на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ): *http://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/browse/wmidm* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 3-годишен просек (2014-2015-2016) | 11,5 | 88,5 | 100 |
| 3-годишен просек (2018-2019-2020) | 14,7 | 85,3 | 100 |

| Политичка моќ (поддомен): Учество на членови во Парламентот (%) | |
|---|---|
| Индикатор | Учество на членови во Парламентот (%)<br>Опис: Индикаторот е пресметан како учество на членови во Парламентот во вкупното население во земјата на возраст од 18+. |
| Извор | Податоците се достапни во дата-базата за жените и мажите во процесот на донесување одлуки на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ): *http://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/browse/wmidm* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 3-годишен просек (2014-2015-2016) | 34,8 | 65,2 | 100 |
| 3-годишен просек (2018-2019-2020) | 38,3 | 61,7 | 100 |

| Политичка моќ (поддомен): Учество на членови во политиката на локално ниво (%) | |
|---|---|
| Индикатор | Учество на членови во политиката на локално ниво (%)<br>Опис: Индикаторот е пресметан како учество на членови во политиката на локално ниво во вкупното население во земјата на возраст од 18+. |
| Извор | Податоците се достапни во дата-базата за жените и мажите во процесот на донесување одлуки на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ): *http://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/browse/wmidm* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 3-годишен просек (2014-2015-2016) | 28,8 | 71,2 | 100 |
| 3-годишен просек (2018-2019-2020) | 32,4 | 67,6 | 100 |

| **Економска моќ (поддомен): Учество на членови во управни одбори, надзорни одбори или одбори на директори во највисоко котирани компании (%)** | |
|---|---|
| Индикатор | Учество на членови во управни одбори, надзорни одбори или одбори на директори во највисоко котирани компании (%)<br>Опис: Индикаторот е пресметан како учество на членови во управни одбори, надзорни одбори или одбори на директори во највисоко котирани компании, во вкупното население во земјата на возраст од 18+. |
| Извор | Податоците се достапни во дата-базата за жените и мажите во процесот на донесување одлуки на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ): *http://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/browse/wmidm* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 3-годишен просек (2014-2015-2016) | 20,5 | 79,5 | 100 |
| 3-годишен просек (2018-2019-2020) | 19,1 | 80,9 | 100 |

| **Економска моќ (поддомен): Учество на членови во Централната банка (%)** | |
|---|---|
| Индикатор | Учество на членови во Централната банка (%)<br>Опис: Индикаторот е пресметан како учество на членови во Централната банка во вкупното население во земјата на возраст од 18+. |
| Извор | Податоците се достапни во дата-базата за жените и мажите во процесот на донесување одлуки на Европскиот институт за родова еднаквост (ЕИГЕ): *http://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/browse/wmidm* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 3-годишен просек (2014-2015-2016) | 24,0 | 76,0 | 100 |
| 3-годишен просек (2018-2019-2020) | 32,0 | 68,0 | 100 |

| **Општествена моќ (поддомен): Учество на членови во управни органи на организации/институции за финансирање на истражувања (%)** | |
|---|---|
| Индикатор | Опис: Членови на највисоки управувачки позиции во управни органи на организации/институции за финансирање на истражувања. Пресметки базирани врз тригодишен просек и соодност на жени/мажи во население 18+ |
| Извор | EIGE; *https://eige.europa.eu/gender-statistics* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2016 | 42,9 | 57,1 | 100 |
| 2019 | 51,9 | 48,1 | 100 |

| **Општествена моќ (поддомен): Учество на членови во управни органи на национални радиодифузни организации (%)** | |
|---|---|
| Индикатор | Учество на членови во управни органи на национални радиодифузни организации. Пресметки базирани врз тригодишен просек и соодност на жени/мажи во население 18+ |
| Извор | Податоците се достапни во дата-базата за жените и мажите во процесот на донесување одлуки на Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE): *http://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs/browse/wmidm* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 3-годишен просек (2015-2016-2017) | 46,2 | 53,8 | 100 |
| 3-годишен просек (2018-2019-2020) | 46,2 | 53,8 | 100 |

| **Општествена моќ (поддомен): Учество на членови во управни органи на национални олимписки спортски организации (%)** | |
|---|---|
| Индикатор | Учество на членови во управни органи на 10 најпопуларни национални олимписки спортски организации. Пресметки базирани врз тригодишен просек и соодност на жени/мажи во население 18+ |
| Извор | ДЗС |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 8,9 | 91,1 | 100 |
| 3-годишен просек (2018-2019-2020) | 9,2 | 90,8 | 100 |

## 6. ЗДРАВЈЕ (домен)

| **Статус (поддомен): Лично согледување за општата здравствена состојба, добра или многу добра (%, население 16+)** | |
|---|---|
| Индикатор | Лично согледување за општата здравствена состојба, добра или многу добра (%, население)<br>Опис: Индикаторот се пресметува како процент од лицата што ја оценуваат својата здравствена состојба како „многу добра“ и „добра“. Концептот за лично согледување за општата здравствена состојба е имплементиран со прашањето како едно лице ја гледа својата општа здравствена состојба, одговарајќи со еден од следниве модалитети: многу добра, добра, задоволителна, лоша и многу лоша. |
| Извор | *Анкета за приходи и услови за живеење, Евростат табела „Лично согледување за здравјето по пол, возраст и работен статус [hlth_silc_01]“*<br>*http://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?dataset=hlth_silc_01* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 74,4 | 79,8 | 77,1 |
| 2019 | 71,7 | 77,6 | 74,6 |

| **Статус (поддомен): Очекувано траење на животот во апсолутна вредност при раѓање (години)** | |
|---|---|
| Индикатор | Очекувано траење на животот во апсолутна вредност при раѓање (години)<br>Опис: Очекуваното траење на животот се пресметува врз основа на податоците за морталитет. Вкупно се пресметува како просек од податокот за мажи и жени. |
| Извор | Евростат табела „ Очекувано траење на животот при раѓање по пол и возраст [DEMO_MLEXPEC__custom_1878841]“<br>*https://ec.europa.eu/eurostat/databrowser/view/DEMO_MLEXPEC__custom_1878841/default/table* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2014 | 77,4 | 73,5 | 75,5 |
| 2019 | 78,6 | 74,7 | 76,6 |

| Статус (поддомен): Години на здрав живот во апсолутна вредност при раѓање (години) | |
|---|---|
| Индикатор | Години на здрав живот во апсолутна вредност при раѓање (години)<br>Опис: Вкупно се пресметува како просек од податокот за мажи и жени. Годините на здрав живот го претставуваат бројот на преостанатите години што се очекува лицето на одредена возраст да живее без какви било сериозни или умерени проблеми со здравјето. Ова е композитен индикатор што ги комбинира податоците за смртност со податоците за здравствената состојба од Анкета за приходи и услови за живеење: прашањето за лично согледување што има цел да се измери степенот на какви било ограничувања, кои траат најмалку 6 месеци, ги отежнуваат секојдневните активности на испитаникот. Се пресметува со користење на методот Саливан што ги комбинира податоците за морталитет и здравствената состојба. 1. Варијабли што се користат за компонентата смртност: Стапка на смртност на специфична возраст, веројатност за смрт помеѓу возрасните групи, веројатност за преживување помеѓу возрасните групи, број на преживеани на специфична возраст, години на живот помеѓу возрасните групи, очекувано траење на животот на специфична возраст.<br>2. Варијабли што се користат за здравствениот статус: прашањето од Анкетата за приходи и услови за живеење, дали здравствените проблеми што траат најмалку шест месеци ви ги отежнуваат секојдневните активности? На тој начин се утврдува застапеноста на населението во здрави услови (оние што одговориле „Не, неограничено“) и во нездрави услови (оние што одговориле „Да, ограничено“ и „Да, во голема мера“). |
| Извор | Податоци за морталитет, Анкетата за приходи и услови за живеење, ДЗС пресметки |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 66,5 | 65,4 | 66,0 |
| 2019 | 65,4 | 65,8 | 65,6 |

| Однесување/Навики (поддомен): Процент на лица што не пушат и не се инволвирани во прекумерно консумирање алкохол (%, население 16+) | |
|---|---|
| Индикатор | Процент на лица што не се инволвирани во ризично однесување, односно не пушат и не се инволвирани во често консумирање алкохол. Често консумирање алкохол значи пиење на шест пијалаци или 60+ грама чист алкохол во една пригода, месечно или повеќепати, во последните 12 месеци. Пијалак се смета како чаша вино, чаша пиво, доза виски итн. Секој/а инволвиран/а во пиење или често консумирање алкохол се смета дека има ризично однесување. |
| Извор | ДЗС симулација |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2014 | 73,4 | 36,2 | 55,4 |

| **Однесување/Навики (поддомен): Процент на лица што физички се активни барем 150 минути неделно и консумираат најмалку пет порции на ден овошје и зеленчук (%, население 16+)** | |
|---|---|
| Индикатор | Процент на лица што физички се активни барем 150 минути неделно и/или консумираат најмалку пет порции на ден овошје и зеленчук. Овие аспекти се дел од официјалните препораки на Светската здравствена организација. Евростат обезбедува информации за времето поминато на подобрување на здравјето (што не е поврзано со работата) како аеробна физичка активност (во минути неделно), вклучително спортови и возење велосипед како превозно средство. Пет порции (400 грама) овошје и зеленчук не вклучуваат овошни сокови од концентрати и компири (скроб). |
| Извор | ДЗС симулации |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 93,1 | 94,7 | 93,9 |
| 2019 | 95,1 | 95,1 | 95,1 |

| **Пристап (поддомен): Лица без незадоволена потреба за медицински преглед или лекување (%, население)** | |
|---|---|
| Индикатор | Лица без незадоволена потреба за медицински преглед или лекување (%, население)<br>Опис: Индикаторот се пресметува како процент на лица што одговориле „Не, немаше таков случај“ на прашањето: Дали во текот на последните 12 месеци сте имале потреба од медицински преглед или лекување, но не сте биле на лекар? од Анкетата за приходи и услови за живеење, од сите испитаници што одговориле, од сите приходни групи. |
| Извор | Анкетата за приходи и услови за живеење, податоци по пол објавени на веб-страницата на Евростат во табела Self-reported unmet needs for medical examination by sex, age, detailed reason and income quintile (%) [hlth_silc_08]<br>*http://appsso.eurostat.ec.europa.eu/nui/show.do?lang=en&dataset=hlth_silc_08* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 96,0 | 95,7 | 95,9 |
| 2019 | 96,0 | 95,6 | 95,8 |

| **Дополнителни варијабли што се користат при пресметка на Индексот** | |
|---|---|
| Индикатор | Население 18+ |
| Извор | Процени на населението, *http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.16.10.pdf* |

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 2015 | 814691 | 804809 | 1,0000 |
| 2019 | 838219 | 827762 | 1,0000 |

# Референции


Babovic, M., and Petrovic, M. (2021). Gender Equality Index for the Republic of Serbia 2021. Social Inclusion and Poverty Reduction Unit of the Government of the Republic of Serbia, available at https://eurogender.eige.europa.eu/events/release-gender-equality-index-serbia-2021#resources

Башевска, М. (2019). Индекс на родова еднаквост во Северна Македонија. UNDP-UN Women, достапен на https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

Bashevska, M. (2020). Rapid Gender Assessment: The Impact of COVID-19 on ЖениandМажиin North Macedonia. UN Women.

BIRN: „No Quick Fix to North Macedonia Telegram Scandal", published February 4, 2021, available at https://balkaninsight.com/2021/02/04/no-quick-fix-to-north-macedonia-telegram-scandal/ [accessed 02.04.2023]

CEDAW Committee. (2020). Views adopted by the Committee under article 7 (3) of the Optional Protocol, concerning communication No. 143/2019, available at https://documents-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N20/344/18/PDF/N2034418.pdf?OpenElement

Directive (EU) 2022/2381 of the European Parliament and of the Council on improving the gender balance among directors of listed companies and related measures. Official Journal of the European Union L 315/44, 2022, available at https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32022L2381

Directive (EU) 2019/1158 of the European Parliament and of the Council on Work-life balance for parents and carers. Official Journal of the EU L 188/79, 2019, available at https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2019/1158/oj

Државен завод за статистика. (2015). Анкета за користење на времето, 2014/2015, достапно на https://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=58

Државен завод за статистика. (2023). Жените и мажите во Северна Македонија, достапно на https://www.stat.gov.mk/publikacii/2023/ZeniteMazite_2023.pdf

Државен завод за статистика. (2022). Жените и мажите во Северна Македонија: статистички портрет на трендовите во областа на родовата еднаквост 2022, достапно на https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=23&rbr=866

European Institute for Gender Equality. (2017). Cyber violence against Жениand girls, available at https://eige.europa.eu/publications/cyber-violence-against-women-and-girls

European Institute for Gender Equality. (2013). Gender Equality Index Report, available at https://eige.europa.eu/gender-equality-index/publications

European Institute for Gender Equality. (2017a). Gender Equality Index 2017: Methodological Report, available at https://eige.europa.eu/gender-equality-index/publications

European Institute for Gender Equality. (2017b). Gender Equality Index 2017: Measurement framework of violence against women, available at https://eige.europa.eu/publications/gender-equality-index-2017-measurement-framework-of-violence-against-women

European Institute for Gender Equality. (2021). Gender Equality Index 2021. Health, available at https://eige.europa.eu/gender-equality-index/publications

European Institute for Gender Equality. Gender Statistics Database, ЖениandМажиin decision-making, available at https://eige.europa.eu/gender-statistics/dgs [accessed 29.10.2022].

European Union Agency for Fundamental Rights. (2014). Violence against women: an EU-wide survey — Main results, Publications Office of the European Union, Luxembourg, available at https://fra.europa.eu/en/publication/2014/violence-against-women-eu-wide-survey-main-results-report

Eurostat. (2022). Distribution of students enrolled at tertiary education levels by sex and field of education, available at https://ec.europa.eu/eurostat/web/products-datasets/-/educ_uoe_enrt04 [accessed 18.09.2022]

Eurostat. (2022). Employment and activity by sex and age – annual data, available at https://ec.europa.eu/eurostat/web/main/data/database [accessed 15.9.2022]

Global Voices: „Private abuse in Telegram's 'Public Rooms': Can North Macedonia fight online sexual harassment?", published 8-9 February 2022, available at https://advox.globalvoices.org/2022/02/08/private-abuse-in-telegrams-public-rooms-can-north-macedonia-fight-online-sexual-harassment/ [accessed 02.04.2023]

INSTAT. (2020). Gender Equality Index for the Republic of Albania 2020, available at http://www.instat.gov.al/media/6661/gender_equality_index_for_the_republic_of_albania_2020.pdf

Komar, O. (2019). Gender Equality Index Montenegro 2019. MONSTAT, available at https://eurogender.eige.europa.eu/system/files/events-files/gender_equality_index_2019_report_final.pdf

Кривичен законик. Службен весник на Република Македонија, бр. 37/96; 80/99; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/11; 135/11; 185/11; 142/12; 166/12; 55/13; 82/13; 14/14; 27/14; 28/14; 115/14; 132/14; 160/14; 199/14; 196/15; 226/15; 97/17 и 248/18; Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 36/2023.

Лешоска, В. и др. (2022). Родово базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија. Реактор – Истражување во Акција, достапно на https://reactor.org.mk/publication-all/родово-базирана-дискриминација-и-раб-2/

Министерство за одбрана. (2020). Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата на Организацијата на Обединети нации 1325 „Жени, мир и безбедност" 2020-2025, достапно на https://www.mod.gov.mk/стратешки-документи/#1622706201131-dcc1a5e8-5e86

Министерство за труд и социјална политика. (2021). Национален акциски план за заштита, промоција и исполнување на човековите права на жените и девојчињата Ромки 2022-2024, достапен на https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

Министерство за труд и социјална политика. (2018). Национален акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство на Република Македонија 2018-2023, достапно на https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

OSCE. (2019). OSCE-led survey on violence against women. Well-being and safety of women: North Macedonia, available at https://www.osce.org/secretariat/419264

Законот за аудио и аудиовизуелни услуги. Службен весник на Република Македонија, бр. 84/13; 13/14; 44/14; 101/14; 132/14; 142/16; 132/17; 168/18; 248/18 и 27/19 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 42/20, достапен на https://avmu.mk/закон-за-аудио-и-аудиовизуелни-медиуми/

Закон за бесплатна правна помош. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 101/19, достапен на https://www.mtsp.gov.mk/zakoni.nspx

Закон за еднакви можности на жените и мажите. Службен весник на Република Македонија, бр. 6/12 и 150/2015, достапен на https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

Закон за заштита од вознемирување на работното место. Службен весник на Република Македонија, бр. 79/13, достапен на https://www.mtsp.gov.mk/zakoni.nspx

Закон за минимална плата. Службен весник на Република Македонија, бр. 11/12; 30/14; 180/14; 81/15; 129/15; и 132/17, достапно на https://www.mtsp.gov.mk/zakoni.nspx

Закон за основното образование. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 161/19, Република Северна Македонија, достапен на https://www.mon.gov.mk

Закон за прекинување на бременоста. Службен весник на Република Македонија, бр. 87/13, достапен на http://zdravstvo.gov.mk/zakoni-2/

Закон за прекинување на бременоста. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 101/19, достапен на http://zdravstvo.gov.mk/zakoni-2/

Закон за работни односи. Службен весник на Република Македонија, бр. 62/05; 106/08; 161/08; 114/09; 130/09; 50/10; 52/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15; 27/16 и 120/18 и Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 110/19; 267/20 и 151/21.

Законот за социјалната заштита. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 104/19, достапно на https://www.mtsp.gov.mk/zakoni.nspx

Закон за спречување и заштита од дискриминација. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 258/2020, достапно на https://www.mtsp.gov.mk/dokumenti.nspx

Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 24/21, достапен на https://www.mtsp.gov.mk/zakoni.nspx

Закон за учебници за основно и средно образование. Службен весник на Република Македонија, бр. 98/08; 99/09; 83/10; 36/11; 135/11; 46/12; 24/13; 120/13; 29/14; 146/15; 217/15; 30/16 и 21/18, достапен на https://www.mon.gov.mk

Програма за поддршка за социјална сигурност на жените што вршат земјоделска дејност за 2023 година. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 31/2023, достапно https://www.mzsv.gov.mk/Почетна/Документи_и_информации_од_јавен_карактер/Програми.aspx

Реактор – Истражување во акција. (2020). Извештај во сенка за имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост во 2018/2019 година, достапен на https://reactor.org.mk/en/publication-all/shadow-report-on-the-implementation-of-the-gender-equality-strategy-2018-2019/

Robayo-Abril, M. and Millan, N. (2019). Breaking the Cycle of Roma Exclusion in the Western Balkans. World Bank, Washington, DC, available at https://openknowledge.worldbank.org/handle/10986/31393

Совет на Европа. (2011). Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, достапна на: https://rm.coe.int/168046253a

Стратегија за родова еднаквост 2022 - 2027. Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 170/2022, достапно на https://www.mtsp.gov.mk/zakoni.nspx

State Statistical Office and UNICEF. (2020). 2018-2019 North Macedonia Multiple Indicator Cluster Survey and 2018-2019 North Macedonia Roma Settlements Multiple Indicator Cluster Survey, Survey Findings Report. Skopje, North Macedonia: State Statistical Office and UNICEF, available at https://www.stat.gov.mk/Dokumenti/MICS_18-19.pdf

Цветковиќ, И., Величковска, М. (2022). Кој се плаши од родот? Анализа на клучните стратегии и наративи на антиродовите движења во Северна Македонија. Коалиција Маргини, достапно на http://coalition.org.mk/wp-content/uploads/2022/10/koj-se-plashi-od-rodot_-interactive.pdf

Williams, J. C. (2000). Unbending gender. Why Family and Work Conflict and What to Do About It. New York: Oxford University Press.

Wittenius, M. (2022). The transnational anti-gender movement in Europe, available at https://www.gwi-boell.de/en/2022/02/03/the-transnational-anti-gender-movement-europe

World Bank. (2020). Assessment of barriers and opportunities using Gender and Roma lens in North Macedonia: Case of Transport. World Bank.

World Bank. (2017). Promoting Women's Access to Economic Opportunities. Policy Note. World Bank.